**ООУ „ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ“**
**Општина Кисела Вода**

**Скопје**

**e-mail: ou-partenijazografski-kiselavoda@schools.mk**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО**

**ВО УЧЕБНАТА**

**2022/2023 ГОДИНА**

# Содржина


МОТИВАЦИЈА ..... 4
Мисија и визија ..... 4
1.ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО ..... 5
2. УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 7
3. СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ ..... 8
4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 9
5. ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ, ОСПОСОБУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР ..... 9
6. УЧЕНИЦИ ЗА ПОФАЛБА ..... 10
7. РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ ..... 10
8. Извештај за работата на стручниот актив на одделенски наставници ..... 12
9. Годишен извештај на Активот на јазична група на предметни наставници ..... 17
10. Извештај на Активот на општествената група на предметни наставници ..... 19
11. Извештај за работата на природно-математички актив ..... 20
12. Извештај за работата на ученичкиот парламент ..... 22
13. Годишен извештај за работата на Детската организација ..... 24
14. Извештај од имплементација на активности за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието ..... 28
15. Извештај за реализирани натпревари ..... 37
16. Јавна и културна дејност на училиштето ..... 53
17. Реализирани активности за грижа за здравјето на учениците ..... 54
18. Извештај од работата на подмладокот на црвен Крст и спроведени активности со ОО Црвен Крст ..... 57
19. Соработка со локалната средина ..... 61
20. Извештај за работата на Советот на родители ..... 62
21. Извештај за работата на училишниот одбор ..... 64
22. Извештај за работата на директорот ..... 68
23. Извештај за работата на педагогот ..... 71
24. Извештај за работата на психологот ..... 75
25. Извештај за работата на специјален едукатор и рехабилитатор ..... 78
26. Извештај за работата на училишната библиотека ..... 79
27 . Реализирани активности за Денот на училиштето активности за Денот на училиштето ..... 82
28. Општи заклучоци ..... 100
29. Статистички прегледи 1-9 ..... 110

**Извештајот**

ООУ „Партенија Зографски" – Кисела Вода-Скопје својата воспитно-образовна работа во учебната ***2022/2023*** година ја остварува врз основа на:

- Годишната програма за работа на училиштето 2022/23,
- Наставниот план и програма за воспитно-образовната дејност за деветгодишно основно образование за учебната 2022/2023 година
- Програма за развој на училиштето и
- Концепцијата за деветгодишно основно образование.

Врз основа на наведените документи изработен е Годишен извештај, кој има за цел јасно да ги отслика и презентира состојбите во остварувањето на програмските определби предвидени со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2022/2023 година.

Целта и задачите на извештајот е да се проследат материјално техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, формите на наставна и воннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето.

Учебната 2022/2023 год. започна на 01.09.2022 година со свечениот прием на првачињата, а заврши на 14.06.2023 год. согласно календарот и измените во календарот за организација на работата во основните училишта во учебната 2022/23 год.

При конципирањето и изготвувањето на овој извештај се користени прегледи, извештаи, анализи, податоци, информации, констатации, мислења и предлози утврдени во изминатиот период од учебната година, а што се евидентирани во педагошката евиденција и документација и други документи и евидентни книги.

Извештајот содржи и позначајни информации за остварувањето на активностите за сите подрачја на воспитно-образовната дејност на училиштето, а посебно ги презентира тековните состојби во рамките на остварувањето на приоритетите и резултатите во врска со успехот, поведението и редовноста на учениците во учебната 2022/23 година.

Заради поголема прегледност, извештајот е збогатен со повеќе табеларни прегледи.

# МОТИВАЦИЈА

**Стекнување европски квалитет на образование.**

## Мисија и визија

### МИСИЈА

Нашето училиште развива и едуцира современи и здрави индивидуи кои се справуваат и ги надминуваат предизвиците на модерното живеење, ученици кои стекнуваат квалитетни, трајни знаења и навики за доживотно учење во пријателска атмосфера во која се промовира еднаквост и соживот во мултиетничко општество.

### ВИЗИЈА

Во нашето училиште учениците ќе стекнуваат квалитетни и трајни знаења во позитивна и безбедна училишна клима во која се поттикнува чувството на припадност, соработка, толеранција и еднаквост. Со различни техники и форми на учење учениците ќе ја развиваат креативноста и ќе размислуваат критички, ќе се подигнува свеста за зачувување на животната средина и ќе се негува здрав спортски дух.

Преку соработката наставници- ученици- родители, учениците ќе се изградат во здрави личности подготвени да се справат со предизвиците на современото живеење.

# 1.ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

ООУ „Партенија Зографски" се наоѓа на ул. „Доситеј Обрадовиќ бр. 18" во општина Кисела Вода, град Скопје.
Во грејната сезона училиштето се затоплува на централно парно греење, регулирано со систем за штедење на топлинската енергија, што во целост ги задоволува потребите за извршување на дејноста. Оваа учебна година училиштето организираше исхрана на учениците од целодневна настава.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

### Следење на реализација на наставни планови и програми

Наставните планови и програми се реализирани според утврдената динамика и кореспондираат со целите и задачите дефинирани во истите според наставниот план за деветгодишно основно образование и концепцијата за основно образование. При реализација на содржините се имплементираат стекнатите знаења од семинарите кои наставниците самостојно ги посетиле, биле организирани од БРО, МОН или во рамките на проектите во кои е вклучено училиштето.

На почетокот на учебната година извршен е увид во годишните и тематските распределенија на наставниците од страна на стручната служба, следена е реализацијата на наставните планови и програми преку посета на наставни часови, вршена е анализа и изготвувани се извештаи по посетените часови , како и евалуација на дневните подготовки на наставниците согласно изготвените инструменти.

### Примена на современи наставни методи и форми на работа

Посетени се отворени и нагледни наставни часови и водени се стручни разговори и консултации со наставниците за наставните содржини од посетените часови, односно за користените методи, форми и стратегии и техники на учење и поучување.

Посебно внимание се обрна на користењето на дигитални алатки во наставата, на методите на формативно оценување, рефлексијата на крајот на часот, користените инструменти за оценување на постигањата на учениците како и на планирањето и задавањето домашни задачи за учениците.

### Увид во работата на стручните активи

Извршен е увид во програмите на стручните активи и разгледани изготвени стручни предавања. По завршување на истите се дискутираше, се даваа предлози и забелешки, како и насоки за унапредување на воспитно образовниот процес.

### Увид во педагошката документација и евиденција

Редовно се прегледувани дневниците на паралелките и главните книги. По извршените увиди од страна на комисијата и директорот, констатираната состојба се евидентира во однапред изготвени формулари. Преку водењето на професионалното досие за наставниците од страна на стручните соработници е следена и другата педагошка евиденција и документација (годишни, тематски и дневни планирања, планирање и реализација на дополнителна, додатна настава, воннаставни активности, часовите на одделенската заедница, родителските средби).

### Работа на стручни органи и тела во училиштето

Извештаите за работата на директорот, стручните соработници, наставничкиот совет, стручните активи, Советот на родители, Училишниот одбор, ученичките организации на училиштето покажуваат висок степен на реализација на предвидените содржини и активности од годишната програма за работа.

## 2. УРЕДУВАЊЕ И ОПРЕМУВАЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

Во ООУ „Партенија Зографски“ во делот на активностите во сите сегменти на секојдневното работење во период од една година, забележани се активности од различен карактер.

- Набавка на стручна литература и библиотечен фонд, нагледни средства (географски и историски карти, постери, логички табли и други нагледни средства за потребите во одделенска настава согласно новата концепција) и други неопходни потреби за реализација на наставната програма по сите наставни предмети.
- Набавка на нови smart табли и проектори за секоја училница
- Набавка на бели магнетни табли за секоја училница
- Набавка на компјутери за потребите на стручните соработници и директорот
- Набавка на ласерски принтери
- Набавка на Bluetooth звучник
- Уредување на училишниот двор оплеменето со нови садници, цветни жардиниери и нови дрвја за збогатување на зеленилото во училишниот двор
- Донација на три интерактивни смарт табли и лцд проектори од локалната самоуправа
- Донација на 100 лектирни изданија од издавачка куќа Арс Ламина

Во тек се и други активности поврзани со тековното работење во училиштето за подобрување на условите за вршење на основната дејност на училиштето.

За реализација на воспитно-образовниот процес училиштето користеше:

- 10 училници за одделенска настава за учениците од прво до петто одделение
- 11 училници за предметна настава за учениците од шесто до деветто одделение,
- Спортски терени во училишниот двор и рекреативни терени и училница во природа
- Училниците за одделенска настава по стандарди се опремени со мебел и наставни средства кои се во функција на возраста на учениците и програмите по одделенија.
- Сите училници како и административните простории во училиштето се приклучени на оптички интернет преку Телеком.
- Кабинетите во предметна настава постојано се збогатуват со дидактички средства, а кабинетот по хемија и физика е адаптиран и опремен со мебел донација од МОН
- Кабинетот по информатика е опремен со компјутерска опрема- лап топи за учениците и десктоп компјутер.
- Кабинетот по Музичко образование е опремен со два синтисајзери и еден музички систем како и музичко озвучување.
- Училиштето располага со уште пет компјутери со печатачи и еден лап топ распоредени во наставничката канцеларија и канцелариите на директорот, на стручната служба и секретарот и еден печатач во боја донација од Советот на родители.

- Се користи и еден факс апарат за комуникација и еден копир за потребите на наставниците во просоријата на домаќинот.
- Климатизирани се следните простории: кабинет по информатика, наставничка канцеларија, канцелариите на директорот, стручната служба и секретарот.

ООУ „Партенија Зографски“ е добро опремено и до максимум ги користи техничките наставни средства и добрите  услови за квалитетна реализација на воспитно-образовниот процес.

**Хортикултурно уредување и тековно оддржување на училишниот двор**

Училишниот двор оваа учебна година беше оплеменет со цветни садници.

Постоечкото уредување редовно се одржува од одговорните лица во училиштето.

Сето ова горе наведено, редовно и тековно се оддржува и оплеменува со нови содржини.

**ПРЕГЛЕД НА РАКОВОДНО-НАСТАВНИОТ**
**И АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ**

| **Реден број** | **Работно место** | **Број на работни места според нормативот** |
|---|---|---|
| **1** | Директор | 1 |
| **2** | Педагог-стручен соработник | 1 |
| **3** | Психолог-стручен соработник | 1 |
| **4** | Специјален едукатор-рехабилитатор – стручен соработник | 1 |
| **5** | Наставници: од I до V одделение | 20 |
| **6** | Наставници: од VI до IX одделение | 19 |
| **7** | Секретар | 1 |
| **8** | Хигиеничари | 5 |
| **9** | Одржувач на објектот - хаусмајстор | 1 |
| **10** | Обезбедување на објектот градинар | 1 |
| **11** | Домаќин | 1 |
| | **ВКУПНО:** | 52 |

Директорот на училиштето активно учествува во работата на Активот на директори на ниво на општина Кисела Вода, каде организационо и стручно разменува идеи и информации за поквалитена работа на училиштето во склоп на локалната самоуправа.

Од нашето училиште еден наставник работи и во другите училишта од општината, односно го дополнува 40 часовното работно време, а од други училишта четири наставници одржуваат настава во нашето училиште. Нашето искуство со наставниците што работат во две училишта е позитивно со зголемена соработка со училиштата што придонесува за размена на искуства и поврзување на училиштата од општината и градот.

**УЧЕНИЦИ**

Во оваа учебна ***2022/2023*** година во училиштето наставата ја следеа вкупно 517_ ученици распоредени во паралелки прикажани во следната табела:

| **Одделение** | **Број на паралелки** | **Ученици Вкупно** |
|---|---|---|
| **I** | **2** | **53** |
| **II** | **3** | **79** |
| **III** | **2** | **55** |
| **IV** | **2** | **51** |
| **V** | **2** | **48** |
| **VI** | **2** | **58** |
| **VII** | **3** | **62** |
| **VIII** | **2** | **46** |
| **IX** | **3** | **65** |
| **I – IX** | **21** | **517** |

| **Одделение** | **Број на паралелки** | **Вкупно ученици** |
|---|---|---|
| **VI – V** | **11** | **286** |
| **VI – IX** | **10** | **231** |
| **I – IX** | **21** | **517** |

**Во одделенска настава се организирани 11 паралелки:**
7 паралелки целодневна настава: I а, I б, II а, II б, II в, III а, III б;
2 паралеки продолжен престој IV а и IV б одделение;
2 паралелки класична настава V а и V б одделение;

**Во предметна настава се организирани 10 паралелки:**
*11 паралелки: VIa, VIб, VIIa, VIIб, VIIв, VIIIa, VIIIб, IXa, IXб и IXв одделение
Во училиштето се опфатени и деца со посебни образовни потреби, еден ученик во I одделение, двајца ученици во III одделение и еден ученик во IV одделение.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОДРАЧЈАТА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ ВО УЧИЛИШТЕТО ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

Училиштето и оваа учебна година се посвети на следните подрачја на промени и даде приоритет на:

- **ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ**

Големиот одмор учениците го поминуваа во уредениот училишнен двор, каде имаат идеални услови за дружење и комуникација. Учениците, вработените и родителите го почитуваа Куќниот ред и правилата на однесување во училиштето.

Работната дисциплина беше на високо ниво како главен предуслов за создавање на оптимални услови за одвивање на воспитно-образовниот процес.

Голема поддршка имавме и од родителите во однос на почитување на Правилата за однесување и Куќниот ред во училиштето.

**Грижа за физичкото и менталното здравје на учениците;**

Училиштето во текот на учебната година водеше перманентна грижа за физичкиот, емоционален и социјален развој на учениците преку постојан контакт со учениците и родителите. Реализирани се содржини и активности кои го промовираат физичкото и менталното здравје во сите сегменти на училишниот живот од страна на наставниците и стручната служба.

**Реконструкција на училишната спортска сала**

Се врши замена на паркетот, бојадисување на радијатори и реновирање на соблекувалните во спортската сала со финансиска поддршка од локалната самоуправа.

# 3. СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

Наставата целосно се организира и реализира според наставниот план за основното образование за учебната 2022/23 година, Законот за основно образование, Годишната програма за работа на училиштето, Програмата за развој на училиштето, Самоевалуацијата, како и календарот за работа на основните училишта за учебната 2022/2023 година.

## ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Секој наставник за реализација на наставата изработува годишно-глобално, тематско-процесно планирање во електронска и печатена форма и дневни подготовки кои ги изработуваат непосредно пред реализација на секоја наставна содржина.

Директорот и стручните соработници преку своите програми за работа ги планираа и во овој период реализираа активности за педагошко-инструктивно следење и усовршување на активностите во планирање и реализација на наставата.

Во текот на целата учебна година активно и навремено се внесуваа податоци во електронскиот дневник од страна на сите наставници, додека пак одделенските раководители ги печатеа редовно секој месец наставните содржини од електронскиот дневник.

Со Годишната програма за работа на училиштето приоритетно беше планирана реализацијата на задолжителната настава.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ

**Наставата се реализираше според наставниот план и програма** :

1. **Задолжителни наставни предмети**

Се реализираа Програмите по сите задолжителни предмети:
- за деветгодишно основно образование од I до IX одделение

2. **Изборни наставни предмети од IV до IX одделение**:

- Слободни изборни предмети: Оригами- прво полугодие и Програмирање –второ полугодие во IV одделение

- Слободни изборни предмети: Решавање на конфликти прво полугодие, Заштита на животна средина - второ полугодие во V одделение
- Класична култура во европската цивилизација во VI одделение
- Вештини за живеење во VII одделение
- Проекти од информатика во VIII одделение
- Програмирање во IX одделение

### 3. Дополнителна настава

Дополнителната настава се организираше за ученици кои се соочуваа со повремени тешкотии во учењето, побавно напредуваа или заостануваа во совладувањето на содржините по одредени наставни предмети.

Во реализацијата на содржините се применуваа групна наставна форма, индивидуализирана настава со примена на наставни ливчиња, со задачи прилагодени на индивидуалните способности на учениците.

### 4. Додатна настава

Додатната настава се организираше за ученици кои покажуваат афинитети за одредени предмети со цел да се прошират и усовршат нивните знаења.

Резултатите од овој вид настава дојдоа до израз во квалитетот и нивото на освоените знаења на учениците, како на училишните така и на општинските, регионалните и државните натпревари во знаење каде учениците постигнаа многу високи резултати.

### 5. Слободни ученички активности

Посебен придонес дадоа учениците од слободните ученички активности во одбележување на Денот на училиштето и други значајни празници со учество на приредби и други манифестации во училиштето, локалната заедница, градот и републиката.

### 6. Ученички заедници и организации

Посебно во оваа учебна година учениците учествуваа и беа ангажирани во целокупниот училишен живот, во уредувањето на училниците, училишниот двор, собирна акција за храна, за хартија, стакло и пластика и пластични капачиња.

Сите активности на училиштето се прикажани во понатамошниот текст од Извештајот во повеќе подрачја.

### 7. Вонинаставни активности

### 7.1 Извештај за реализираните активности и постигнатите резултати на учениците опфатени со програмата за вонинаставни активности

ООУ ,,Партенија Зографски” Кисела Вода

***Извештај за реализација на антикорупциска програма учебната 2022-2023 година***

Училиштето во учебната 2022/2023 година продолжи со реализација на активности поврзани со антикорупциска содржина, во 3 паралелки, ученици од деветто одделение.

1. **Реализирани активности**

.

| **назив/тема** | **време на реализација** | **одговорен наставник** | **број на ученици** |
|---|---|---|---|
| Прашалник за учениците пред спроведување на програмата) Предавање:Што е корупција и кои се последиците од корупцијата?(Power point презентација во која се објаснуваат основните поими на учениците(корупција, антикорупција, интегритет, етичност, социјален притисок); | октомври | Сретен Рогов | 29 |
| Дискусија со ученици:Што може да направи секој од нас во борбата против корупцијата?(техника"аквариум")Вежби:Изработка на осумнасочник | ноември | Сретен Рогов | 30 |
| Одбележување на 9 Декември – Меѓународен ден на борбата против корупцијата (Дебата)Работилница:Барометa (работен лист бр.3) | декември | Сретен Рогов | 28 |
| Работилница:*Изработка на постери, плакати, информативни материјали на тема: борба против корупцијата* (работен лист бр.4) | февруари | Сретен Рогов | 26 |
| Владеење на правото и правната држава - механизми за спречување на корупцијата и заштита од коруптивни дејства. Прашалник за корупција | март | Сретен Рогов | 30 |
| Спроведување прашалници за учениците | април | Сретен Рогов | 30 |

Активностите беа реализирани според планирањата на наставникот по граѓанско образование како дел од Воннаставните активности по предметот Граѓанско образование. Во реализацијата на активностите беа вклучени ученици од IX  одделение, наставник по граѓанско образование.

Реализацијата на активностите беше преку активни форми на работа( работа во пар, групна работа). Беа употребени повеќе наставни методи и техники (разговор,  насочена дискусија, метод на анализа на ситуација/случај, игра (осумнасочник) и ?(техника"аквариум"), работилници, прашалници и чек-листи).

Учениците беа активни во изведување на предвидените задачи дискутираа, аргументираа и заклучуваа. Одговорен наставник: Сретен Рогов

**ИЗВЕШТАЈ за вonнаставна активност по Граѓанско образование на учениците од 9 одделение**

**ПОСЕТА НА СОБРАНИЕТО НА РСМ**

**23.02.2023**

Учениците во посета на Собранието беа придружувани од наставникот по Граѓанско образование Сретен Рогов и наставничката по Англиски јазик Лидија Ристовска-Атанасова.

Учениците, тргнаа собрани и евидентирани (по список и претходно добиени согласности од родителите) од пред училиште кон Собранието.

Учениците од паралелките 9а, 9б и 9в, вкупно 36 ученици, беа во посета на Собранието на Република Северна Македонија на 23.02.2023 год, (четврток), од 14 часот, до 15:15 часот.

Посетите на Собранието кои се од едукативен карактер, со цел запознавање на функцијата на Собранието во едно демократско општество ги организира Парламентарниот институт на Собранието.

Службениците на Парламентарниот институт, не пречекаа и на еден висок професионален начин, ги прошетаа учениците низ сите значајни простории каде што работат пратениците во парламентот, кои се избрани од граѓаните, како и службите на оваа институција. Им ја објаснија намената и функцијата на тие простории, а и на самата функција на Собранието.

Се помина во одличен ред.

По завршувањето на посетата,  учениците беа вратени повторно во училиште, од каде што си заминаа дома.

23.02.2023 Наставник

Сретен Рогов





***ООУ ,,Партенија Зографски"-Кисела Вода***

**ИЗВЕШТАЈ за вонанставна активност по Граѓанско образование на учениците од 9 одделение**

*ДЕТСКИ ПАРЛАМЕНТ*

*за ученици од основните училишта во Република Северна Македонија*

Сала „Борис Трајковски", Собрание на Република Македонија

24 февруари 2023 година (петок)

Ученици кои го претставува нашето училиште ООУ ,,Партенија Зографски"-Кисела Вода, на овој настан беа: Теона Радинска 9б, Христијан Јевтиќ 9б, Ивона Јовевска 9б и Мила Велковска 9б. Беа придружувани од предметниот наставник по Граѓанско образование Сретен Рогов.

Учениците, за соодветно да ги исполнат задачите, а и одлично да се претстават покрај себеси и училиштето (според редоследот на настани кои беа во време траење од 6 часа, поделено во три работилници), се спремаа и подготвија материјали со кои ги истакнаа своите погледи и ставови.

Одлично се претставија, и на поставувањата на прашања до пратениците (прашање постави ученичката Теона Радинска), и на презентацијата на паното-Порака до пратеник (Презентацијата ја образложија учениците Христијан Јевтиќ и Ивона Јовевска), како и во работилницата каде што учениците беа во улога на пратеници во парламенет, говор одржа ученичката Мила Велковска.

На крајот учениците добија сертификати: за учество на работилница за ученици од основните училишта ДЕТСКИ ПАРЛАМЕНТ.

24.02.2023 предметен наставник

Сретен Рогов






Извештај од воннаставните активности на 2в одд за учебната 2022/2023 г.

Одделенски наставници: Виолета Павловска

Ирена Србиновска

*На ден 02 02 2023 г.во нашето одделение се одржа музичка работилница од страна на познатиот музичар Драган Даутовски. Целта на музичката работилница беше учениците да се запознаат со народниот инструмент гајда,да го препознаат неговиот звук и да го идентификуваат и да се развие позитивно расположение.

Учениците активно учествуваа во музичката работилница,се одржаа интерактивни активности.





*На ден 07.03.2023 г.нашето одделение по претходна покана зема учество во роденденската прослава на книжарницата Тримакс.За таа цел претходно беа изработени честитки кои беа поврзани со празникот на мајката.Истите беа поставени на пригодно место во книжарницата.На денот на прославата учениците учествуваа и со ритмичка изведба,со што ја разубавивме нивната роденденска забава-15 год.дејност на книжарницата.Учениците за своето учество добија пригодни подароци од книжарницата.Целта беше да се развие соработка со приватниот сектор во општината,да се развие позитивно расположение.








7
ПЕЧАТЕЊЕ

На ден 09.03.2023.г. во соработка со канал 5 телевизија, учествувавме во креативна работилница-изработка на честитки по повод Денот на мајката и доаѓање на годишното време пролет.Креативната работилница беше снимена од страна на телевизијата со новинарката Вера Мештерович.За време на снимањето учениците со помош на најразлични материјали дизајнираа честитки.Работеа интерактивно заедно со учениците од 8а одд.Целта беше да се соработува со надворешни фактори,да се покажат креативните способности на учениците.







ИЗВЕШТАЈ

Од проектна активност „Тајниот пријател“

Учениците од трето одделение заедно се нивните наставнички и со помош на родителите изработија проектни активности. .Проектот беше поделен во неколку фази. Првата фаза беше тајно да се избере „тајниот пријател“ и секојдневно една недела да се набљудува неговото однесување. На крајот на неделата да се презентира што забележува кај тајниот пријател, во што треба да се поправи и за што треба да се пофали. Секој ученик купува симболичен подарок за својот таен пријател. Втората фаза беше „Прави добри дела“. Учениците имаа низа активности за правење добри дела .

Во третата фаза наречена „Сандаче со тајни пораки“ учениците запишуваа секојдневно што прават нивните другарчиња во одделението, каде треба да се поправат во однесувањето и во работата во училиштето. Сите ученици ги поздравија овие проектни активности и беа презадоволни од работата .

Цел:да се развива емпатија,да се зајакне другарството, да се научат да работат тимски, да бидат хумани и да помагааат на болните и изнемоштените лица, да се почитуваат самите себе си и своите другарчиња.

Актив на трето одделение

# И З В Е Ш Т А Ј

Од посетата на ,,ЈП,,Комунална хигиена-центар за рециклирање -Скопје,, на ден 07.05.2023 година
,,ЈП,,Комунална хигиена-центар за рециклирање -Скопје,, го посетија учениците од IIIа и IIIб со претходно известување и согласност од страна на родителите. Превозот на учениците до центарот беше организиран од страна на училиштето.
Кога пристигнавме во објектот бевме љубезно пречекани од страна на вработените.Потоа не поделија во две групи и секоја група имаше водич кој ги запозна учениците со објектот.Разговаравме за рециклирање.Учениците поставуваа прашања каде што од страна на водичот им беа одговорени сите прашања.Учениците најпрво се запознаа со тоа како треба да се однесуваaат со отпадот ,каде да го фрлаат и како да ги препознаваат кантите со различна боја за хартија,стакло,метал и друг отпаден материјал.
Од страна на презентерите во центарот им беа организирани игровни активности.
Учениците беа задоволни од посетата.

Целта на посетата беше

-како од користен материјал да добиеме нови производи,
-како да се спречи загадувањето на водата,воздухот и почвата.





И З В Е Ш Т А Ј

Од посетата на писателката Јадранка Клисарова за деца и возрасни на ден 13.02.2023 година со почеток во 12 часот .
Писателката ги посети учениците од IIIа и IIIб одделение со претходно известување и согласност од страна на родителите.
Средбата траеше 1 час.На почетокот учениците се запознаа со писателката,разговорот течеше за лектирата „Децата од моето училиште“,која што ја обработивме на минатиот час.Учениците има можност да поставaт прашања.Тие беа задоволни од посетата.На крајот добија автограм од писателата и изразија желба за повторна средба.
Целта на посетата беше да се поттикнува љубов и интерес кон читањето книги.

# <u>И З В Е Ш Т А Ј</u>

Од посетата на ,,Меѓународен аеродром -Скопје,, на ден 28.04.2023 година ,,Меѓународен аеродром -Скопје,, го посетија учениците од IIIа и IIIб со претходно известување и согласност од страна на родителите. Превозот на учениците до аеродромот беше организиран од страна на училиштето.
Кога пристигнавме во објектот бевме љубезно пречекани од страна на вработените.Потоа не поделија во две групи и секоја група имаше водич кој ги запозна учениците со објектот.Разговаравме за воздушниот сообраќај.Учениците поставуваа прашања каде што од страна на водичот им беа одговорени сите прашања.Учениците најпрво се запознаа со тоа како треба да се однесуваaат патниците ,каде што поминуваа на ренген контролаи каде ги оставаа нивните патнички торби.На пистата дочекавме авион со патници и сите ученици беа воодушевени како се движи авионот и патниците како излегуваат од авионот.
Исто така видовме како заминува односно полетува авионот со патниците.Им посакавме убав лет на патниците
Учениците беа задоволни од посетата.

Целта на посетата беше

- Да разликува видови сообраќај
- Да ги прошират знаењата за воздушниот сообраќај
- Ги знае основните правила за безбедно движење во сообраќајот;
- Да разликува видови сообраќајни средства ги знае занимањата на луѓето во сообраќајот.



# И З В Е Ш Т А Ј

Од посетата на УХМР-Скопје на ден 26.05.2023година. УХМР-Скопје го посетија учениците од IIIа и IIIб со претходно известување и согласност од страна на родителите. Превозот на учениците до УХМР-Скопје беше организиран од страна на училиштето.
Кога пристигнавме во објектот бевме љубезно пречекани од страна на вработените.Не пречека Елена кој што работи како метеоролог кој ни држеше предавање и ни објаснуваше се што не интересира од областа на метеорологијата и научивме многу нови работи.
Учениците беа задоволни од посетата

Целта на посетата беше

- Да ги прошират знаењата од областа на метерологијата.
- Да се научи нешто ново,интересно и поучно.
- Да научиме нови работи



.





И З В Е Ш Т А Ј

Од предавање на тема,,Рециклирање,,ден 05.06..2023 година

Со предходно договорен термин со предавачите од јавното претпријатие ,,Комунална хигиена,,дојдоа кај нас во училиште да ни презентираат нешто ново од рециклирање и како да ја сочуваме нашата околина да биде чиста и како да го селектираме отпадот.Имавме интрактивно предавање каде што учениците имаа многу прашања и доста беа упатени во таа проблематика околу селекција на отпадот.

Цел:

-како од користен материјал да добиеме нови производи,

-како да се спречи загадувањето на водата,воздухот и почвата.



И З В Е Ш Т А Ј

Од посетата на фабриката ,,Свисслион,, -Скопје,,  на ден 17.05..2023 година

Според програмата за работа за трето одделени предвидува посета на фабрика, , погон или некој друг стопански објект.Бидејќи во близина на нашето училиште има фабрика за производство на кондиторски производи,,Свисслион,,,се одлучивме да ја посетиме. Учениците од IIIа и IIIб со претходно известување и согласност од страна на родителите. Превозот на учениците до фабриката беше организиран од страна на училиштето.

Со учениците од трето одделение тргнавме во посета на фабриката за кондиторски производи,,Свисслион,, Кога пристигнавме во објектот бевме љубезно пречекани од страна на вработените.Потоа не поделија во две групи  и секоја група имаше водич кој ги запозна учениците со објектот.

Уште во подготовките за посета разговаравме на тема како да се однесуваме во фабриката, да не ги допираме машините бидејќи е опасно,да бидеме дисциплинирани и тивки за да го чуеме главниот работник-технолог кој ќе ни  објасни .

И на крајот да поставиме прашања кои не интересираат за фабриката.

При посета на фабриката учениците ги видоа производствените погони и поставија доста конструктивни прашања, а потоа изработивме заеднички презентација за посетата во фабриката.

Поминавме еден прекрасен ден во дружење и запознавање со процесот на преработка, производство и пакување на здрави производи од фабриката за кондиторски производи ,,Свисслион,,-Скопје

Цел:запознавање со производство,преработка и пакување на кондиторските производи


Swisslion




ИЗВЕШТАЈ

ОД РЕАЛИЗИРАНАТА ЕСЕНСКА РАБОТИЛНИЦА



,,ЕСЕНТА Е ЗЛАТНА КРАЛИЦА,,

**ЦЕЛ**:да ја стекне потребната самодоверба во ситуации кога треба да зборува пред сите ученици., да развиваат чувство за работа во групи и парови,да може да работи тимски,да се развива креативноста,да се стекне самодоверба за сработеното и да може да се презентира во групата,да умеат да творат за есента,да умеат креативно да се изразуваат,да знаат какви се дарови ни дели есента,да го негуваме другарството ,да бидеме дарежливи.
За сенската работилница ни беа потребни природни материјали овошје,зеленчук,зрнести плодови  и есенски листови.
Во есенската работилница учествуваа сите ученици од трето одделение IIIа – IIIб одд.заедно со нивните одделенски наставнички.
Во работилницата беа интегрирани сите предмети:македонски јазик,математика,ликовно образование ,музичко образование,природни науки.
Учениците беа поделени во повеќе групи ,од овошјето,зеленчукот и зрнестите плодови декорираме многу убава трпеза.
Секоја група имаше задача :
-првата група има задача да реши математички проблем;
-втората група има за задача да состави песничка или текст за есен;
-третата група има за задача со есенските лисја да направат најубава рамка;
-четвртата група има за задача да напишат за што се користат есенските плодови и каде растат;
-петтата група треба да ја научи песната есен да ја пее.
Откако секоја група ќе презентира се што е сработено ,во парови сите изработуваат есенска изработка и на кајот дегустираат од поставената трпеза од овошјето и зеленчукот.
На крјот од работилницата заеднички ја пееме песната за „Есен“.

**Извештај од зимската работилница**

**,,Божиќен венец ,,**

Учениците од IIIа и IIIб одд. Изработија работилница на тема ,,Божиќен венец,,.Учествуваа сите ученици од двете одделенија заедно со нивните одделенски наставнички.

Работилницата беше интегрирана со сите предмети

Македонски јазик се обработи текст за Божиќ,математика работевме проблемски задачи поврзанисо празнувањата на Божиќ.

Природни науки бидејќи темата ни е за растенијата ги сортиравме зимзелените и листопадните дрвја со кои може да се направи најубвиот боќиен венец и од борови гранчиња направија прекрасни венчиња.Активноста продолжи по часот ликовно каде што од хартија учениците поделени во повеќе групи изработија новогодишни и божиќни украси ,за на крајот по музичко образование да ја испејат божиќната песна со прекрасна кореографија кои сами ја составија.

Крајот од работилницата ја завршивме со една богата трпеза каде што учениците се потрудија да донесат по некоја закуска.





**Цел:** да се соработува со другарчињат да умеат да работат тимски ,да умеат да работат со природен материјал, да се поттикнува и негува креативноста во ликовното творење кај учениците.

Извештај од активностите со учениците од IVа во продолжен престој

Во период на месец февруари, март, април 2023 година се реализираа активности „ **Се за мене**“ во училниците на училиштето ООУ„ Партенија Зографски“ со учениците од IVа одделение од продолжен престој со наставникот Соња Игњевска. Со овој проект се исполнија целите и очекуваните ефекти и исходи од оваа активност кои подетално се опишани во карактеристиките на проектот со слики и докази.

**Цел:**Да го доживее и потикне чуството на сознавање на самото себе и да ги контролираат чуствата и истите да ги искажат пред другите , одговорност, самодоверба, почит, подршка,љубезност да има добро мислење за себе ,љувов кон себе и кон другите .

На ден 16. 12..2022година се реализираше работилницата **„ Мојот другар**“ во училниците на училиштето ООУ„ Партенија Зографски“ со учениците од IV а одделение од продолжен престој со наставникот Соња Игњевска. Со оваа работилница се исполнија целите и очекуваните ефекти и исходи од оваа активност кои подетално се опишани во карактеристиките на проектот со слики и докази.

**Цел:**Да го доживее и потикне чуството на одговорност, почит, другарство, подршка, љубезност кон себе и другите.

**„НАЈУБАВИТЕ РАБОТИ ВО ЖИВОТОТ СЕ БЕСПЛАТНИ “**

На ден 27.1.2023 година се реализираше работилницата „ Најубавите работи во животот се бесплатни“ во училниците на училиштето ООУ„ Партенија Зографски“ со учениците од IVа одделение со наставникот Соња Игњевска, се исполнија целите и очекуваните ефекти и исходи од оваа активност кои подетално се опишани во карактеристиките на проектот со слики и докази.

**Цел:**Да го доживее и потикне чуството на среќа, одговорност, почит,другарство, подршка,љубезност кон себе и другите

На ден 5,6. 09.2022година се реализираше работилницата **„ Кој сум јас**“ во училниците на училиштето ООУ„ Партенија Зографски“ со учениците од IV а одделение од продолжен престој со наставникот Соња Игњевска. Со оваа работилница се исполнија целите и очекуваните ефекти и исходи од оваа активност кои подетално се опишани во карактеристиките на проектот со слики и докази.

**Цел:** Да го доживее и потикне чуството на одговорност,запознавање со други личности, почит, подршка,љубезност кон себе,  да се унапредат комуникативните вештини кон другите и наставникот.

На ден 15 и 16.11.2022 година се реализираше проектот **„ Самодоверба“** во училниците на училиштето ООУ„ Партенија Зографски“ со учениците од IVа одделение од продолжен престој со наставникот Соња Игњевска, Со овој проект се исполнија целите и очекуваните ефекти и исходи од оваа активност кои подетално се опишани во карактеристиките на проектот со слики и докази.

**Цел:** Да го доживее и потикне чуството на самодоверба, одговорност, почит, подршка, комуникативни вештини, љубезност да има добро мислење за себе, љувов и подршка кон себе и другите соученици.











## Извештај од реализирани работилници во V одделение

**„Велигденска работилница”**

**<u>Цел:</u>** Да се стекнат со знаења и да ја негуваат традицијата на најголемиот православен празник Велигден во исто време ја примивме големата група на дечиња од градинката Мимоза

**<u>Место и време</u>**:училница,мај2023

**<u>Активности:</u>**

- Известување на засегнатите страни
( наставници, родители и ученици)

- одредување на работна и контролна група
- Работилница изработки на украси

**<u>Учесници:</u>** 5а, 5б,одделение,дечињата од градинката Мимоза

**„ВЕШТИНИ НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И ПОЗИТИВНА КЛИМА”**

**<u>Цел:</u>** стекнат со вештини и соодветни алатки за полесно справување со предизвиците од околината и современиот начин на живот.

**<u>Активности:</u>**

- Известување на засегнатите страни
  ( наставници, родители и ученици)
- спроведување предтест
- одредување на работна и контролна група
- Работилници
- Финален тест

**<u>Учесници:</u>** 5а, 5б, одделение

**<u>Време на реализација:</u>** две сесии

**<u>Обучувачи:</u>** наставничката Маријана Крстеска и Халед Никовски





**„Медиумска писменост и култура”**

**Цел:** Да се стекнат со вештини и соодветни алатки за полесно справување со предизвиците од околината и современиот начин на живот при употреба на ралични видови апликации од интернет.

**Активности:**

- Известување на засегнатите страни ( наставници, родители и ученици)
- спроведување предтест
- одредување на работна и контролна група
- Работилници
- Финален тест

**Учесници:** 5а, 5б,одделение

**Време на реализација:** две недели септември 2022

**Обучувачи:** наставничката по Маријана Крстеска и Халед Никовски

16 ДЕНА АКТИВИЗАМ ЗА 365 дена без насилство!

Во преполна сала во општина ,,Кисела Вода”на 02.12.2023 година се одржа одличен настан во кој учествуваа училиштата како и невладините организации, а во рамки на кампањата за стоп на насилството врз жените и девојчињата.

Учениците Деана Илиевска 8б одд., Дамјан Јовановски 8а одд. и Мила Атанасова 8а одд. ја изведоа драматизацијата ,,Стоп за семејното насилство”.

Под овој слоган ќе се реализираат низа активности поврзани со препознавањето, адресирањето и превенцијата на насилството врз жената. Посебен акцент ставаме врз заштитата на најмладите, врз спречувањето на врсничкото насилство кое во најразлични форми е се поприсутно во нашето општество.

Оттука, низ сите училишта ќе се одвиваат обуки за кои ќе придонесат во подигнување на свеста кај учениците, ќе помогнат да свртиме вниманието кон проблемот што светот со години наназад светот го игнорира, а жртвите, за жал, го живеат. Неопходно е да се разговара, да се сподели, да се охрабри, да се заштити бидејќи проблемот може да постои насекаде. И во домот, во училницата и на работното место.
А насилството не е само тупаница.
https://m.facebook.com/story.php?story_fbid=456291276678497&id=100068928847593&mibextid=Nif5oz



**Наставник по македонски јазик**

**Васка Н Икономова**

**21. февруари – Ден на мајчиниот јазик**

По повод 21 Февруари – Денот на мајчиниот јазик, учениците од нашето училиште учествуваа на литературно ликовниот конкурс на кој освоија три награди на општинско ниво. На пригодна манифестација претставници од Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт на општина ,,Кисела Вода" им ги врација дипломите на учениците:

За важноста на мајчиниот јазик, за неговото значење како идентитетска одлика на секој поединец твореа основците од сите училишта од овој дел на Скопје.



Проектот, кој е под  покровителство на Општина Кисела Вода и се спроведува во соработка со основните училишта, се одржа по 16- ти пат.

Наградените учесници кои се натпреваруваа во две категории, прва категорија од 1 до 5 одделение и втора категорија од 6 до 9 одделение, наградени беа следните ученици:

**Литературни творби -  II  категорија**

I Место   ООУ ,,Партенија Зографски “ - Ученик : Андреј Димовски  VI - а  ментор: Мирјана Велковска;

Наградените учесници кои се натпреваруваа во две категории, прва категорија од 1 до 5 одделение и втора категорија од 6 до 9 одделение, наградени беа следните ученици:

**Литературни творби -  II  категорија**

I Место   ООУ ,,Партенија Зографски “ - Ученик : Андреј Димовски  VI - а  ментор: Мирјана Велковска;

II Место   ООУ ,, Партенија Зографски “ - Ученик : Теодор Вртески  IX - в  ментор: Васка Николова Икономова;

**Ликовни  творби -  I  категорија**

III Место     ООУ ,, Партенија Зографски“ - Ученик : Миа Глобочки  IV–а  ментор: Катерина Наумоска Младеноска.

**Ликовни творби -  II  категорија**

III Место    ООУ ,,Партенија Зографски“ - Ученик : Софија Манасиева VII – б  ментор: Елена Радевска.

Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, кој УНЕСКО го прогласи на 30-тата сесија на Генералната конференција во 1999 година, во 2000 година е промовиран како Ден на лингвистичката и културната разновидност и повеќејазичност.

**Наставник по македонски јазик**

**Васка Н Икономова**

## 1 април – маскембал во нашето училиште

На ден 31.3.2023 год. Во училишниот двор се одржа манифестација на која сите ученици од нашето училиште имаа можност да ги прикажат своите маски и со пригодна програма да го одбележат денот на шегата – 1 Април. Радоста и насмеаните лица го разубавија овој убав ден кога се е возможно.






Комисија за јавна и културна дејност

**И З В Е Ш Т А Ј**

од реализирана посета на Природно-математички факултет

Во согласност со наставната програма по Хемија за деветто одделение ученици од О.О.У “ Партенија Зографски ”-Кисела Вода под менторство на Андреева Ребека на 24.04.2023 год. реализираа посета на Природно-математички факултет- Скопје.

По повод “ Отворени денови на Хемиски Институт” учениците имаа можност да присуствуваат на презентација на голем број на експреминети од областа на физика,биологија,хемија како и предавања од областа на Хемијата во Хемискиот институт.







Вториот дел од активностите опфати посета на поголем број на лабараториите – аналитичка,органска,физичка- каде од страна на асистентите од факултетот им беше презентиран начинот на работа во хемиските лабаратории.
Целта на посетата беше во целост постигната- едукативна посета која понуди збогатување на знаењата и нивна примена во наставата.

Извештајот го изготви:- Андреева Ребека

**Извештај за вонnаставни активности - спортски активности на учениците од VI до IX одделение  по физичко и здравствено образование**

Во првото полугодие во учебната 2022/2023 година, се одиграа општински натпревари, каде што нашите ученици земаа учество во спортовите: футсал ( машки и женски), кошарка ( машки ), одбојка ( машки и женски ), ракомет ( машки ).

- На 20.10 и 21.10  се одиграа натпревари во одбојка ( женски ) со почеток во 10:00 часот во училишната сала на О.У. ,,Круме Кепески’’. Нашите ученички се пласираа на првото место на општинскиот турнир и обезбедија учество на меѓуопштинските натпревари.
- На 25.10  се одиграа натпревари во кошарка ( машки ) со почеток во 10:00 часот во училишната сала на О.У. ,,Круме Кепески’’. Нашите ученици се пласираа на третото место на општинскиот турнир.
- На 16.11  се одиграа натпревари во футсал ( машки ) со почеток во 10:00 часот во училишната сала на О.У. ,,Круме Кепески’’. Нашите ученици се пласираа на петтото место на општинскиот турнир.
- На 24.11  се одиграа натпревари во ракомет ( машки ) со почеток во 10:00 часот во училишната сала на О.У. ,,Круме Кепески’’. Нашите ученици се пласираа на второто место на општинскиот турнир.
- На 29.11  се одиграа натпревари во одбојка ( машки ) со почеток во 10:00 часот во училишната сала на О.У. ,,Круме Кепески’’. Нашите ученици се пласираа на четвртото место на општинскиот турнир.
- На 01.12  се одиграа натпревари во футсал ( женски ) со почеток во 10:00 часот во училишната сала на О.У. ,,Круме Кепески’’. Нашите ученички се пласираа на првото место на општинскиот турнир и обезбедија учество на меѓуопштинските натпревари.

По завршетокот на општинските натпревари, во првото полугодие  се одиграа меѓуопштинските натпревари каде што нашите ученици земаа учество во спортовите: одбојка ( женски ) и футсал ( женски ).

- На 29.11  се одиграа натпревари во одбојка ( женски ) со почеток во 10:00 часот во училишната сала на О.У. ,,Љубен Лапе’’. Нашите ученички се пласираа на второто место на меѓуопштинскиот турнир.
- На 7.12  се одиграа натпревари во футсал (женски) со почеток во 10:00 часот во училишната сала на О.У. ,,Круме Кепески’’. Нашите ученички се пласираа на второто место на меѓуопштинскиот турнир.

Во второто полугодие во учебната 2022/2023 година, во организација на здружението на општински сојуз на училишен спорт Кисела Вода, започнаа општинските натпревари, во кои земавме учество во спортовите одбојка (женски), фудбал (машки), ракомет (машки) и кошарка (машки).

- На 04.04, 05.04 и 06.04 се одиграа натпреварите во категорија одбојка- женски. Нашите ученички го освоија третото место.
- На 11.04 се одиграа натпреварите во категорија футсал – машки.
- На 18.04, 19.04 и 20.04 се одиграа натпреварите во категорија кошарка- машки. Нашите ученици го освоија четвртото место.
- На 25.04, 26.04 и 27.04 се одиграа натпреварите во категорија ракомет- мажи. Нашите ученици го освоија четвртото место.

Во текот на второто полугодие во учебната 2022- 2023, се реализираше проектот ,, Фудбал во училиште”, во кој носител беше Фудбалската федерација на Македонија во соработка со ФУСМ.
Учениците од 2-3 одделение и учениците од 4-5 одделение, играа меѓуодделенски фудбалски натпревари под менторство на наставниците по физичко и здравствено образование.

**Извештај за воннаставни активности на учениците од 6-то до 9-тто одделение по Физичко и здравствено образование за учебната 2022/2023 год.**

- На 25.04.2023 учениците кои што беа дел од спортските активности, беа повикани како гости во детската емисија Sвон. Емисијата се емитуваше во живо.




- На 18.05.2023 и 07.06.2023 ученичките кои се дел од одбојкарската екипа на училиштето, одиграа пријателски натпревари против училишните екипи на ООУ ,,Петар Поп Арсов” и ООУ ,,Ѓорѓија Пулевски”.





- По повод патрониот ден на училиштето 28.10.2022 година, во училиштето се одржаа меѓуодделенски натпревари во фудбал.





Одговорни наставници: Тамара Стојанова и Даниел Бојчевиќ

# ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНИ ЕКСКУРЗИИ

**Извештај за изведената тридневна екскурзија со научно - рекреативен карактер за IX одделение**

**Време на реализација: Мај**
**Времетраење:** три дена со две ноќевања
**Воспитно образовни цели :**

Оваа училишна екскурзија има за цел проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите како и односите во природата и општествената средина, културно-историските знаменитости во согласност со воспитно образовната работа на училиштето.

**Задачи:**

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
- Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот
- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности
- Поттикнување и манифестирање позитивни емоции
- Социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе

**Содржина и акивности:**

Посета и запознавање со историски и географски локалитети, надминување на социјалните разлики во развојот на учениците, социјализација, осамостојување игрижа сам за себе како и оформување на сестрана личност.

**Прв ден:**

Тргнавме од Скопје во 8 часот. Патувањето го организираа, водеа и надгледуваа одделенските раководители на трите паралелки како и предвидениот водич и медицинското лице од страна на избраната туристичка агенција.

Во текот на целото патување присутните наставници ги запознаваа учениците (преку интерактивна соработка, поставување прашања, истражување, набљудување... ) со попатните културно-историски и географски знаменитости,

значајни личности на полето на литературата, историјата и музиката од соодветните региони, различни дијалекти, земјоделски култури, различен начин на живеење и домување, потенцирање на употребата на странски јазици во одредени институции и локации ...

Прошетката започна со посета на изворот на најголемата и најдолга река во Македонија, реката Вардар, кој е именуван според селото **Вруток** во близина на Гостивар. Изворот, а и самото село Вруток, прераснуваат во вистинска туристичка атракција со огромен потенцијал за развој на еко туризмот. Учениците уживаа во природните убавини кои природата ги распространа на ова место, а тие се: богатата и разновидна шума, големите пространства обработливо земјиште, преубавите релјефи и пејзажи и големите количества на изворска питка вода.

На патот помеѓу Гостивар и Дебар, во непосредна близина на селата Ростуше, Битуше, Велебрдо и Требиште, по течението на реката Радика во, го посетивме манастирскиот комплекс **Бигорски манастир** („Св. Јован Бигорски“). Манастирот Свети Јован Бигорски надалеку е познат по својот иконостас. и по иконата на Св. Јован Крстител за која се верува дека има чудотворна моќ.

Попатно го посетивме и женскиот манастир **Рајчица**,кој е еден од најубавите македонски манастири и во кој секоја година традиционално се празнува Ѓурѓовден. За манастирот е интересно да се спомене дека во него рачно се изработуваат митри (круна, дел од богослужбените одежди на православните епископи) кои ги носат владиците на МПЦ.

Попатно го посетивме и Вевчани, познат по **Вевчанските извори** , Вевчанскиот карневал, кој се одржува на празникот „Василица“, вевчанските градители, Михаило Пупин.

Пристигнавме во Охрид во вечерните часови и се сместивме во хотел Чинго . По вечерата учениците беа на прошетка во центарот на градот Охрид, која беше координирана и надгледувана од страна на присутните наставници.

**Втор ден:**

По појадокот го посетивме **манастирот Св. Наум** изграден на висока карпа, над самото Охридско Езеро, на неговата најјужна точка, во една месност со ретка природна убавина.. Учениците се запознаа важност за езерото, важноста за почитување на еколошките стандарди и регулативи и редовното одржување на локалитетот.

Потоа го посетивме **„Заливот на коските“** кој претставува атрактивен музејски комплекс насловен како Музеј на вода во чии рамки влегуваат повеќе содржини: претпоставена реконструирана наколна населба на локалитетот Плоча Миќов Град на дрвена платформа поставена на дрвени колци закачни на дното од езерото, римски каструм кој е конзервиран, реставриран и презентиран на

највисокото плато од ридот `Градиште`, пристапен рустичен објект од камен со музејски витрини и рустичен објект за реализација на подводен туризам.
Учениците беа запознаени со специфичниот начин на живот на тогашното население - домови, орудија, садови, обезбедување храна , преку излагања на наставниците и кустосите и со следење на видео презентациите.

По ручекот учениците беа на слободна прошетка низ Охрид и охридската чаршија во присуство на наставниците. Учениците ќе бидат запознаени со старите занаети во чаршијата, карактеристичната охридска архитектура, податоци за езерото и рибниот фонд во него, местоположбата, карактеристичниот дијалект....

По вечерата беше организирана диско забава во локал во центарот на Охрид во организација, координација и надзор на присутните наставници.

**Трет ден:**

По појадокот, до ручек беше организирана посета на градот **Струга**, сместен во подножјето на планината Јабланица, во Охридско-Струшката котлина, на северниот брег од Охридското Езеро, непосредно на местото каде се излива реката Црн Дрим од Охридското Езеро.

Го посетивме „Мостот на поезијата", каде се одржуваат Струшките вечери на поезијата **,** најголема светска поетска манифестација и на која се доделува „Златен венец" . Учениците ја разгледуваа чаршијата, го посетија „Природнонаучниот музеј" , каде беа запознаени со значењето на природнонаучниот музеј. Учениците исто така беа запознаени со архитектурата во чаршијата, езерото, истекот на реката, културата, начинот на живеење .....

Тргнаваме за Скопје во попладневните часови. Попатно сумиравме и разговоравме за импресиите и впечатоците од посетеното на триденевната екскурзија.

**Начин на финансирање:**

Плаќањето го извршија родителите на учениците од IX а,б,в одделенија, директно во агенцијата преку која се реализираше екскурзијата.

**Техничка организација:**

Патување со автобус обезбеден од страна на избрана туристичка агенција.

**Координатори:**

Марија Николовска - одделенски раководител на IX в одд. (наставник по германски јазик)
Лидија Р. Атановска - одделенски раководител на IX б одд. (наставник по англиски јазик)
Горан Трифуновски - одделенски раководител на IX а одд. (наставник по историја)

- **Извештај за изведената дводневна екскурзија со научно-рекреативен карактер за VI одделение**

**Време на реализација:** Мај

**Времетраење:** два дена со едно ноќевања

**Воспитно образовни цели :**

Оваа училишна екскурзија има за цел проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите како и односите во природата и општествената средина, културно-историските знаменитости во согласност со воспитно образовната работа на училиштето.

**Задачи:**

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви

Градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот
Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности
Поттикнување и манифестирање позитивни емоции
Социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе

**Содржина и акивности:**

Посета и запознавање со историски и географски локалитети, надминување на социјалните разлики во развојот на учениците, социјализација, осамостојување и грижа сам за себе како и оформување на сестрана личност.

**Прв ден:** Тргнавме од Скопје во 8 часот. Патувањето го организираа, водеа и надгледуваа одделенските раководители на две паралелки како и предвидениот водич и медицинското лице од страна на избраната туристичка агенција.

Во текот на целото патување присутните наставници ги запознаваа учениците ( преку интерактивна соработка, поставување прашања, истражување, набљудување... ) со попатните културно-историски и географски знаменитости, значајни личности на полето на литературата, историјата и музиката од соодветните региони, различни

дијалекти, земјоделски култури, различен начин на живеење и домување, потенцирање на употребата на странски јазици во одредени институции и локации ...

Прошетката започна со посета на **ТЕЦ Неготино** каде што од страна на стручни лица им беше објаснето на учениците дека оваа термоелектрана е од витално значење за нашиот енергетски систем и дека по нејзиното рестартирање оваа година термоелектраната работи со полн капацитет.

Патувањето продолжи кон преградието на **Гевгелија** каде што со организиран локален водич беше посетен локалитетот **Вардарски рид**.Од страна на бодичот беше објаснет развојниот пат на локалитетот и негвото значење низ бременскиот период.

Потоа се насочивме кон центарот на Гевгелија во посета на **Националниот музеј** на градот и учениците беа водени од кустос на музејот низ временските етапи од развојната историја на нашиот народ.

Во попладневните часови пристигнавме во **Дојран** и по сместувањето во хотел Полин ,по што следеше разгледување на градот Дојран и неговите знаменитости.

По вечерата учениците имаа организирана забава во хотелот.

**Втор ден:**

По појадокот го посетивме **граничниот премин -Стар Дојран** каде што учениците од страна на стручни лица беа запознаени со нашинот на кој функционира граничниот премин ,ресурсите со кои располага истиот како и тоа која е улогата на границата помеѓу насата земја и насиот сосед -Грција. После оваа посета патувањето продоли икон **Струмица** и посета на двата манастири во околината на градот-**Вељуса и Водоча.** И во овие две места ушениците водени од свештени лица беа запознати со значењето во развојот на религијата на нашата татковина. Во прекрасната околина на манастирот Вељуса имавме ручек во природа и по краток одмор се тргна за Скопје.

Попатно сумиравме и разговоравме за импресиите и впечатоците од посетеното на дводневната екскурзија.Во скопје стигнавме околу 19h.

**Начин на финансирање:**

Плаќањето го извршија родителите на учениците од VI а,б одделенија, директно во агенцијата преку која се реализираше екскурзијата.

**Техничка организација:**

Патување со автобус обезбеден од страна на избрана туристичка агенција.

**Координатори:**

Ребека Андреева- одделенски раководител на VIа одд.(наставник по Хемија)

Марина Трајковска-Одделенски раководител на VI б одд.(наставник по Географија)

**Извештај од реализација на настава во природа за V одделение**

**<u>Цел:</u>** Наставата во природа се организира со цел учениците надвор од местото на живеење, низ процесот на едукација, другарување, истражување, спорт, рекреација, забава и социјализација да се запознаат подобро, да го продлабочат другарството и да развијат позитивни навики за соживот

**<u>Активности:</u>**

Посета на Природно научен музеј во Струга
Посета на ВЕВЧАНСКИТЕ ИЗВОРИ
Посета на Зградата на домот на културата "Браќа Миладиновци"
Разгледување на чаршијата во Струга
Изворот на реката Вардар „Вруток"-Гостивар

**<u>Учесници:</u>** 5а, 5б, одделение

**<u>Време на реализација:</u>** од 29.05.2023 до 01.06.2023

**<u>Реализатори:</u>** Халед Никовски, Маријана Крстеска

Целите,активностите и посетите кои беа во описот на планирањето на оваа настава во природа беа во целост реализирани од страна на наставниците и учениците.



**Извештај од еднодневен пролетен излет**

На ден 09.06.2023 година се реализираше еднодневниот пролетен излет во манастирскиот комплекс Св.Никита-Скопска Црна Гора.

Манастирот Св.Никита-Скопска Црна Гора го посетија учениците од I до IX одделение со претходно известување и согласност од страна на родителите. Превозот на учениците до манастирот беше организиран од страна на училиштето преку избраната туристичка агенција.

Учениците се организираа, играа спортски и друштвени игри. Учениците убаво си поминаа во природа, се дружеа и забавуваа и беа задоволни од посетата.

Целта на посетата беше развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности, поттикнување позитивни емоции како и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во учебната 2022/2023 година се обрна посебно внимание на прилагодувањето и социјализацијата на учениците од I одделение.

Во паралелките од I до III одделение учениците се оценети описно, значи тие перманетно се следат и се води документација за напредувањето и постигнувањата на учениците и ученичко портфолио како основа за описно оценување на учениците.

Учениците од IV до VI одделение се оценуваа описно на првото тримесечие, на крајот на првото полугодие и на третото тримесечие, додека пак на крајот на учебната година се оценети бројчано.

Следењето и вреднувањето на постигањата на учениците од I до VI одделение се реализираше преку формативно, микросумативно и сумативно оценување.

Прибрани се податоци и показатели за нивните активности преку: портфолија, говорни и писмени вежби, согледани се предходните знаења, искуства и вештини, работни листови по тежински нивоа, евиденциони чек листи, континуирано следење на ученикот кон работата, ангажираноста и посветеноста на учениците во работата, нивната редовност, залагање, соработка и помагање на учениците, прибрани се и податоци за нивните активности и листови за самопроценка.

Сите ученици од I до III одделение преминаа во наредното одделение и се описно оценети.

Во паралелките од IV до IX одделение учениците се оценети бројчано и сите ученици се со примерно поведение.

Сите ученици се оценети со позитивен општ успех.

Учениците што покажаа послаб успех на полугодието беа вклучени на часовите по дополнителна настава за да ги надополнат знаењата, успешно ја следеа наставата по сите наставни предмети.

Сите ученици од I до IX одделение ја завршија учебната година со примерно поведение.

Сите проблеми што се јавуваа во однос на однесувањето на учениците навремено се решаваа во соработка со учениците, одделенските раководители, родителите, стручната служба и директорот на училиштето.

Постигнатиот општ успех е прикажан во **ПРЕГЛЕД - 10** во прилог на извештајот.

## 5. ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ, ОСПОСОБУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

Се посетија обуки организирани од МОН, БРО како и надлежните установи:

1. „Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети“.
2. „Методи и пристапи за учење преку решавање на проблеми со фокус на климатските промени“
3. „Рана интервенција - Достапни опции и услуги (ICF)
4. „Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети“.
5. Улогата на ресурсниот центар во поддршка на редовните основни училишта.
6. Стимулација на говор во рана возраст +CBOARD
7. Предизвикувачко однесување –справување и добри практики.
8. Вклучување на деца бегалци, мигранти, без државјанство
9. и баратели на азил во воспитно-образовниот процес
10. Родителите и децата од дигиталната генерација”
11. Визуелни дезинформации и фотофорензика”
12. Говор на омраза во онлајн медиумите”
13. Воспитно- образовна работа за ученици со визуелни оштетувања
14. Настава насочена кон постигнување резултати од учење од повисоко ниво
15. -Работилница за ,,Унапредување на менталното здравје кај деца и млади" - предавање од стручна служба
16. Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење
17. Интегрирање на професионалниот развој и кариерното советување во наставата
18. “Развивање на креативни вештини преку визуални приказни
19. Преставување во медиумите- стереотипи и предрасуди
20. .”Алатки за развој иновативни решенија
21. Цели за одржлив развој на ученици
22. -Вовед во формативно оценување
23. -Вовед во наставни компентенции со технолошка подршка на наставата-
24. -Нови медиуми и социјални мрежи
25. Симулациона вежба за евакуација во случај на пожар,земјотрес и нус појави од истите
26. ELTOC Chapter 3 Block 2
27. Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби
28. Online Teacher Community
29. Engaging with learning outcomes
30. Understanding classroom language
31. Introducing environmental issues into language teaching classes
32. Understanding assessment for learning
33. Engaging with assessment for learning
34. Understanding approaches to inclusive learning
35. Проект на УСАИД за медиумска писменост„Младите размислуваат“БРО
36. Ресурси за искуствено учење
37. Stimulation of developmental- mental attitude and persistence at learning
38. O sudjelovanju u projectu Udruge hrvatskih uchitelja razredne nastave Zvono
39. Обука за NLP master practitioner во NLP Macedonia- Center for business psychology SEE (ноември- јуни)

40. Предизививикувачко однесување – справување и добри практики (Едуино)
41. Спроведување на упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување ( БРО, Коалиција Маргини)
42. Говор на омраза во онлајн медиумите ( Едуино)
43. Изразување на детските стравови и потреби низ проективни техники (Здружение Ас Анима- Психовелнес и Советувалиште)
44. Воспитно - образовна работа за ученици со визуелни оштетувања (ДУРДМОВ „ Димитар Влахов“)
45. Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој ( БРО, 03 Инвест ДООЕЛ)
46. Систем на знамиња, обука за сексуално неприфатливо однесување (ХЕРА)
47. Унапредување на менталното здравје кај деца и млади (МОН; БРО, УНИЦЕФ)
48. Психосоцијална поддршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза ( МОН, УНИЦЕФ)

## 6. УЧЕНИЦИ ЗА ПОФАЛБА

Наставничкиот совет, по предлог на одделенските раководители, ги пофали следните ученици за совесно и успешно извршување на сите ученички обврски во текот на учебната 2022/2023 година.

Учениците ќе добијат **Пофалници за континуиран одличен успех во учебната 2022/2023 година.**

| Ред.број | Име и презиме на ученикот | Одделение/паралелка |
|---|---|---|
| 1. | Клара Шумкоски | Ia |
| 2. | Калина Јовановска | Ia |
| 3. | Каја Пауновска | Ia |
| 4. | Иван Сибиновски | Ia |
| 5. | Алек Пешкирски | Ia |
| 6. | Филип Цветковски | Ia |
| 7. | Михаил Јовановски | Ia |
| 8. | Андреј Пановски | Ia |
| 9. | Миа Крстаноска | Ia |
| 10. | Симон Темелковски | Ia |
| 11. | Ева Јовановска | Iб |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Јаков Арсов | Iб |
| 13. | Даријан Ѓорѓијоски | Iб |
| 14. | Тарас Плужников | Iб |
| 15. | Давид Ристов | Iб |
| 16. | Ена Ѓозо | IIIа |
| 17. | Илијана Поповска | IIIа |
| 18. | Дамјан Ангеловски | IIIа |
| 19. | Ангелина Бранковска | IIIа |
| 20. | Лана Стојановска | IIIа |
| 21. | Теона Филиповска | IIIа |
| 22. | Калина Трајковски | IIIа |
| 23. | Александар Зафировски | IIIа |
| 24. | Каја Костовска | IIIб |
| 25. | Лука Ефтимов | IIIб |
| 26. | Јана Нецовска | IIIб |
| 27. | Јаков Нецовски | IIIб |
| 28. | Миа Ратков | IIIб |
| 29. | Матеј Крстевски | IIIб |
| 30. | Лина Чаневска | IIIб |
| 31. | Симеон Лазов | IIIб |
| 32. | Марија Николовска | IIIб |
| 33. | Сара Петковска | IIIб |
| 34. | Стефанија Арсоска | IVа |
| 35. | Ана Велков | IVа |
| 36. | Ива Гарванска | IVа |
| 37. | Миа Глобочки | IVа |

| | | |
|---|---|---|
| 38. | Александар Исајловски | IVa |
| 39. | Михаил Јовески | IVa |
| 40. | Јана Костадиновска | IVa |
| 41. | Лука Кумевски | IVa |
| 42. | Ева Михајлова | IVa |
| 43. | Доротеја Панчевска | IVa |
| 44. | Веда Стојанова | IVa |
| 45. | Ања Стојчевска | IVб |
| 46. | Филип Пехчевски | IVб |
| 47. | Максим Здравковски | IVб |
| 48. | Исидора Здравков | IVб |
| 49. | Матеја Павловска | IVб |
| 50. | Марко Крстаноски | IVб |
| 51. | Горазд Ристески | IVб |
| 52. | Ева Михајловска | IVб |
| 53. | Михаил Михајловски | IVб |
| 54. | Анџело Дичевски | IVб |
| 55. | Антон Згонц | IVб |
| 56. | Матеа Ефтимова | Va |
| 57. | Гала Андова | Va |
| 58. | Максим Димитров | Va |
| 59. | Валентина Ивковска | Va |
| 60. | Георгина Исајловска | Va |
| 61. | Марко Каевски | Va |
| 62. | Јован Крстевски | Va |
| 63. | Војдан Лазаревски | Va |

| | | |
|---|---|---|
| 64. | Јована Мазенковска | Va |
| 65. | Огнен Мирчиќ | Va |
| 66. | Јован Ристов | Va |
| 67. | Мартин Ристов | Va |
| 68. | Максим Тодоровски | Va |
| 69. | Марко Трифуновски | Va |
| 70. | Давид Цветкоски | Va |
| 71. | Никола Чаковски | Va |
| 72. | Марија Иванова | VI a |
| 73. | Ана Арсова | VI a |
| 74. | Леон Дончевски | VI a |
| 75. | Стела Миланова | VIa |
| 76. | Матеа Талевска | VIa |
| 77. | Марија Стојчевска | VIa |
| 78. | Ана Јаневска | VI a |
| 79. | Стефан С Јовановски | VI б |
| 80. | Тамара Атанасова | VIб |
| 81. | Јована Станковска | VIб |
| 82. | Матја Василевска | VIб |
| 83. | Ангела Антова | VIб |
| 84. | Васил Христов | VIIa |
| 85. | Давид Крстевски | VIIa |
| 86. | Ана Здравеска | VIIa |
| 87. | Катја Павловски | VIIa |
| 88. | Сара Мицевска | VIIa |
| 89. | Мила Милански | VIIa |

| | | |
|---|---|---|
| 90. | Ведран Ѓеоргиев | VIIa |
| 91. | Константин Арсов | VIIб |
| 92. | Дамјан Давчевски | VIIб |
| 93. | Петар Рафајловски | VIIб |
| 94. | Петар Секуловски | VIIб |
| 95. | Софија Манасиева | VIIб |
| 96. | Марија Урошевиќ | VIIб |
| 97. | Анастасија Илијадис | VIIб |
| 98. | Софија Гроздановска | VII в |
| 99. | Ведран Крстевски | VII в |
| 100. | Бојан Огњановски | VII в |
| 101. | Ема Србиновска | VII в |
| 102. | Теодор Вртески | VII в |
| 103. | Ирина Давидовска | VIIIa |
| 104. | Ивана Исајловска | VIIIa |
| 105. | Леа Зајков | VIIIa |
| 106. | Антонија Здравков | VIIIa |
| 107. | Јоана Исајловска | VIIIa |
| 108. | Мила Ристовска | VIIIa |
| 109. | Магдалена Василковска | VIIIa |
| 110. | Марија Тренкоска | VIIIa |
| 111. | Ева Овнарска | VIII б |
| 112. | Мартин Шикалески | VIII б |
| 113. | Дејана Илиевска | VIII б |
| 114. | Емилија Ѓорѓиевска | VIII б |
| 115. | Ангела Казанџиска | VIII б |

| | | |
|---|---|---|
| 116. | Марко Василевски | IX а |
| 117. | Дамјан Волканов | IX а |
| 118. | Сара Пеповска | IX а |
| 119. | Емил Манчев | IX а |
| 120. | Јана Младеновска | IX а |
| 121. | Дарко Наумов | IX а |
| 122. | Ања Стојчевска | IXб |
| 123. | Мила Велковска | IXб |
| 124. | Билјана Младеновиќ | IXб |
| 125. | Филип Стојчевски | IXб |
| 126. | Ина Стојановска | IXб |
| 127. | Анастасија Никовска | IXб |
| 128. | Ивона Јовевска | IXб |

**Сите ученици од следните паралелки се пофалени: Vб, IX в.**

**РЕДОВНОСТ И РАБОТНА ДИСЦИПЛИНА**

За време на наставата во учебната 2022/2023 година учениците беа редовни.

Оправданите отсуства се повеќе поради болест на учениците, технички проблеми со компјутерската опрема и интернет.

Работната дисциплина беше на задоволително ниво, работните денови течеа според распоредот на часови

Бројот на изостаноци е прикажан во **ПРЕГЛЕД 4** во прилог на Извештај

## 7. РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ

### *НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ*

Наставничкиот совет на состаноците ги реализира следните активности:

- Подготовки и организација на наставата и вonнаставните активности
- Организација на активности за Прославата на Денот на училиштето
- Распоредување на наставни часови по Наставниот план и програма
- Усвојување на Годишна програма за работа на училиштето
- Усвојување на Годишен извештај за работа на училиштето
- Разгледување на Законот за основно образование

- Анализа на постигањата на учениците на првото тримесечие, првото полугодие, третото тримесечие и на крајот на учебната година
- Утврдување на Награди и педагошки мерки на учениците
- Презентации на проекти и програми по одржани обуки-педагог и наставници
- Организирање Интерни обуки за наставници
- Уписна политика- Комисии, активности, информации за уписот во прво одделение
- Информации од одржани родителски состаноци
- Информации од работата на Одделенските совети
- Информации од работата на Советот на родители
- Информации од работата на Училишниот одбор
- Организација на Работилници и продажни изложби
- Презентација на „Меѓуетничка интеграција во образованието"
- Презентација на „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем"
- Организација и анализа на училишни активности
  -одбележување на празници, приредби, манифестации, натпревари и изложби

***РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНСКИ СОВЕТИ***

***-Совет на одделенски наставници***

***- Совет на предметни наставници***

Одржани се по четири состаноци на Одделенските совети на кои се разгледани:

- Постигањата и поведението на учениците во првото тримесечие од учебната 2022/2023;
- Постигањата и поведението на учениците во првото полугодие од учебната 2022/2023;
- Постигањата и поведението на учениците во третото тримесечие од учебната 2022/2023 и
- Постигањата и поведението на учениците на крајот на учебната 2022/2023 година
- Реализацијата на наставните програми,
- Унапредување и водење на педагошка евиденција и документација,
- Организација на родителските состаноци и соопштување на постигањата на учениците.
- Организирање поддршка на ученици кои напредуваат и ученици кои имаат проблеми во постигањата

## 8. Извештај за работата на стручниот актив на одделенски наставници

| Одделение | Одделенски наставници |
|---|---|
| **I одделение** | Весна Т.Унковска, Билјана Бурчевска<br>Соња Здравеска, Анета Петковска |
| **II одделение** | СветланаЗдравеска, Александра Атанасовска<br>Софија Савинова, Елизабета Илиеска<br>Виолета Павловска , Ирена Србиновска |
| **III одделение** | Ајша Оскакач,Жанета J.Ѓоргиевска<br>Сузана Никушевска, Јасмина Стефановска |
| **IV одделение** | Катерина Младеновска,Соња Игњевска<br>Милица Миноска,Зорица Мартиновска |
| **V одделение** | Халед Никовски , Маријана Крстеска |

Активот на одделенска настава го сочинуваат следниве наставници и истите се одделенски раководители на следниве паралелки:

**Активностите кои ги преземе активот во оваа учебна година придонесоа во следниве делови од воспитнио образовниот процес :**
*Непрекинато следење на иновациите во наставата, нивно имплементирање за унапредување на воспитно-образовниот процес.

*Максимална вклученост на учениците во наставата и вонннаставните активности во училиштето.

*Афирмирање на училиштето и промовирање на знаењата и вештините на учениците.

*Одржување на успешна работа, тимска работа и координираност во работата

**Стручни предавања во форма на работилници:**

| тема | Реализатор | цел | време |
|---|---|---|---|
| Работа со деца со дислексија | Сузана Никушевска<br>Јасмина Стефаноска<br>Ајша Оскакач | Како да ги откриеме децата со дислексија и како соодветно да им помогнеме да го надминат истиот проблем | октомври |
| Вonнаставни активности | Весна.Т.Унковска<br>Билјана Бурчевска<br>Соња Здравеска | Значењето на воннаставните активности и поттик на учениците за вклучување во истите | декември |
| „Нови типови“ на ученици-креатори на нови училишта | Светлана Здравеска<br>Софија Савинова<br>Александра Атанасовска | Препознавање на ученици кратори и промотори на училиштето | февруари |
| Улогата на работилниците во современата настава | Актив на IV одделение | Да умееме да ги препознаеме придобивките од одржана работилница за наставниот процес | мај |

**Во текот на учебната година реализирани се 4 отворени часа:**

| Одд. | Наставен предмет | Наставна содржина | цел | реализатор | време |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 ро одд. | Македонски<br>јазик | Изговор на (гласови,<br>слогови,<br>зборови и реченици) | Ученикот да умее да определува глас на почеток и на крајот на зборот | Ирена Србиновска | септември |
| 1 во одд. | Природни<br>науки | Сетила | да умеат да идентификуваат сетила и сетилни органи | Анета Петковска | ноември |
| 2-ро одд. | Ликовно образование | Изработка на пролетно дрво | да се запознае со различни ликовни материјали и техники, да се развие интерес и љубопитност за уметничко изразување, да се оспособи преку уметноста да ја | Виолета Павловска | март |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | изразува својата индивидуалност. | | |
| 5- то одд. | Ликовно образование | Велигденска работилница | да умееат од различни видови на материјали да изработуваат велигденски украси и да ја истакнат нивната креативност. | Маријана Крстеска<br>Халед Никовски | април |

**Во текот на учебната 2022/23 година одделенските наставници и ученици ги остварија следниве активности:**

| **Учества во манифестации и одбележувања на настани** |
|---|
| -Учество во приредба по повод прием на првачиња на првиот училишен ден–со ритмичка точка од страна на II в,IIIб ,IVa и V б одделение . |
| -Обележување на Детска недела во месец октомври под мотото „Децата имаат права,но и обврски“ Учество земаа сите паралелки од Iдо V одделение преку творење на разни ликовни и литературни творби.Освен творење се организираше и свечена приредба во кој земаа учество со ритмички точки учениците од II а,II б,II в и IV одделение |
| -Учество во училишниот ликовен и литературен конкурс по повод патрониот празник на училиштето на тема„Детството е тајна бескрајна“ од I до V одделение |
| -Учество со ритмички точки во приредбата по повод денот на училиштето од страна на II в и V б одделение. |
| -Одбележување на „Недела на борба против гладта“ хуманитарна акција во соработка со Црвениот крст на Кисела Вода од I до V одделение |
| -Учество во спортска манифестација„Ја сакам Кисела Вода -Децата се наша иднина „во ООУ„Невена Ѓоргиева -Дуња од I до Vодделение |
| **-**Учество во новогодишна акција за украсување на училишниот двор во соработка со Советот на родители од I до V одделение |
| Учество со ритмичка точка на манифестацијата во нашето училиште по повод „Денот на шегата “ IIа ,IIб и IIв |
| **Предавања** |
| -Предавање од претставници од Републичкиот Совет за безбедност „Како да бидеме безбедни во сообраќајот“ Iа и I б |
| Предавање од претставници од Халк Банка -Скопје по повод месецот на штедење - со учениците од Iа и I б |

| |
|---|
| -Предавање од страна на Црвениот крст на Кисела Вода “Орална хигиена и здрава исхрана”со учениците од I до IV одделение. |
| Предавање од родител-Мојата професија-Запознавање со стопанските дејности IVа и IVб |
| Извештај од реализирано предавање на тема –“ Основи на програмирањето во програмскиот јазик C интегрирани со предметот Природни науки-ученикот Михаил од IVб |

| **Посети** |
|---|
| Посета на АД „Европа“ подрдржана од Првата дама на Р.С.Македонија г-ѓа Елизабета Ѓорѓиевска IIIб |
| Посета на театар и следење на театарска претсава„Новогодишни желби“учениците од I до IV одделение |
| Посета на училиштето„ Златен Сремец“ по повод недела на подигнување на свесноста за аутизмот 29.03.2023.г. IIв |
| Посета на писателката Јадранка Клисарова-Раскази од училишниот живот -лектира ,,Децата од моето училиште IIIа и IIIб |
| Посета на Меѓународниот аеродром Скопје од страна на учениците од IIIа и III б одделение |
| Посета на ,,ПИ Свисслион ДОО,, Скопје од страна на учениците од IIIа и III б одделение |
| Посета на УХРМ Скопје на ниво на актив од трето одделение |
| Посета на Комунална хигиена актив од трето одделение |
| Еднодневен излет на учениците од I до V- Посета на манастир Св. ,,Никита``-Горњане |

Есенска работилница -Боите на есента I и II одделение
Есенска работилница-Есента е златна кралица“ IIIа и III б одделение
Учениците од IIIа и IIIб одд. Изработија работилница на тема ,,Божиќен венец,,
Исти,слични,разлини-IVа и IVб
Ние сме група -тим-IVа и IVб
Работилница за правата на децата “Колку добро ги познавам своите права” од I доV одделение
Работилница по повод одбележување на “Детската недела” од I до V одд.
Работилница “ Моето право на глас” – Откривачка игра IVа и IVб
Ние сме виножито Градење чувство на општоцивилизациска припадност IVа и IVб
Реализирани работилници по предметот математика на тема “Симетрија” IVа и IVб
Работилница по предметот Природни науки Наслов на активноста: „ Од семе до растение“– Истражувачка активност IVа и IVб
Работилница за знаковен јазик - IV и V одделение
Влијанието на медиумите и употреба на различни апликации Vа и Vб
Превенција на насилство-две јаболка Vа и Vб
Музичка работилница со гостинот професор Драган Даутовски запознавање со народниот инструмент гајда IIа ,II б и II в
Музичка интерактивна работилница со Филхармонија II а,IIб ,II в,IIIа и IIIб
Изработка на мартинки за помош на децата настрадани од земјотресот во Турција од I до V одделение
Учество со мартинки и беџови во хуманитарната акција за децата на Детска онкологија II в
Работилница по повод 8ми Март од I до V одделение
Учество на роденденската забава на книжарницата Тримакс по повод15 год.од нивното постоење,соизработка на честитки за 8ми Март и со две ритмички точки I а,II в и Vа
Креативна работилница презентирана на канал 5 телевизија на IIв одд. заедно со учениците од 8а одд.
Работилница по повод Велигденод од I доV одделение
Работилница сообраќајни знаци IIIа и III б

Еко акција за чистење на училишниот двор IIа

Работилница по предметот ликовно образование-Групно сликање на пластични фолии: придобивките од соработката и користењето различни површини за сликање IV а и IVб
Реализирани работилници и посети од педагошката служба во IV а и IVб
*Работилница за фина моторика –дефектолог Ивана Бисовска Едукативно предавање за ретки болести – дефектолог Ивана Бисовска Работилница "Скршено срце" – психолог Јасмина Дечков "Читање со разбирање"- педагог Марина Георгиевска-Крстевски
Работилница "Традицијата во другите делови на светот" IV а и IVб
Работилница-Процесот на топење на чоколадото: Разбирање на фазите на агрегатната состојба IV а и IVб
Едукативна работилница со учениците од четврто одделение во просториите на училиштето Здружение СТОП СМА IV а и IVб
Работилница" Порака до тебе "IV а и IVб
Креативна работилница по повод пречек на идните првачиња IVа, IVб и Vб

Работилница на тема„Рефлексии за крајот на учебната година"IV а и IVб

Проектна активност - Дрво на растење-IV а и IVб

Проектна активност"Формата на мојот свет"IV а и IVб

Проект"Рециклираме заедно за почиста животна средина IV а и IVб

Проектна активност интегрирана со предметот Историја и општество Тема – " Патот до мојата професија " IV а и IVб

**Одговорен наставник: Александра Атанасовска**

## 9. Годишен извештај на Активот на јазична група на предметни наставници

**Јазичниот стручен актив го сочинуваат предметните наставници:**

1.Васка Николова – Икономова – Македонски јазик

2.Мирјана Велковска – Македонски јазик

3. Дијана Игњевска - Стојаноска – Македонски јазик

4.Лидија Ристовска – Атанасова – Англиски јазик

5.Соња Николова – Крковска – Англиски јазик

6.Емилија Тренчевска - Англиски јазик

7.Марија Николовска – Германски јазик

Членовите на активот во месец јуни 2022 год. ја усвоија Годинната програма за учебната 2022/23 год. Со самиот почеток на учебната 2022/23 год. започнаа активностите на Активот со следниот распоред.

| Ред. Број | Име и презиме | Предмет | Наслов | Дата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Васка Николова-Икономова | Македонски ј. | Драмата помеѓу двете светски војни во македонската литература. | Септември 2022год. |
| 2. | Мирјана Велковска | Македонски ј. | Правила за акцентирање на зборовите | Октомври 2022 год. |
| 3. | Соња Н.-Крковска | Англиски јазик | Соработка во тим | Ноември 2022 год. |
| 4. | Лидија Ристовска – Атанасова | Англиски јазик | Невербална комуникација | Декември 2022 год. |
| 5. | Емилија Тренчевска | Англиски јазик | Сложувалки и игри како дел од ефективната едукација на часовите по Англиски јазик во одделенска настава | Јануари 2023 год. |
| 6. | Марија Николовска | Германски јазик | Глаголските времиња во германскиот јазик | Февруари 2023 год. |
| 7. | Дијана Игњевска - Стојаноска | Македонски јазик | Обработка на лектира | Март 2023 год. |
| 8. | Васка Николова – Икономова Софија Лазовска Дијана Игњевска - Стојаноска | Македонски јазик | 19 век во македонската книжевност | Април 2023 год. |
| 9. | Соња Н.-Крковска Лидија Ристовска – Атанасова | Англиски јазик | Пријателството во улога на зајакнување на меѓучовечката комуникација | Мај 2023 год. |
| 7. | Сите предметни наставници од Јазичниот актив | Македонски јазик Англиски јазик Германски јазик | Самоевалуација на посигнатите резултати во учебнаа 2020/2021 год. | Јуни 2023 год. |

Активностите од Активот се во целост реализирани во учебната 2022/23 год.
**Одговорен наставник:**

Васка Николова Икономова

## 10. Извештај на Активот на општествената група на предметни наставници

Активот на предметни наставници во текот на учебната 2022/2023 год. ја изготви годишната програма во месец септември.

**Општествениот стручен актив го сочинуваат предметните наставници:**

1.Тамара Стојановска- Физичко и здравствено образование

2. Даниел Бојчевиќ-Физичко и здравствено образование

3.Сретен Рогов-Граѓанско образование

4. Горан Трифуновски-Историја

5. Јулијана Арсовска-Ликовно образование

6.Орце Лазаров-Музичко образование

7.Игор Беличански-Музичко образование

**Цели и предвидени исходи:**

Воспитнообразовниот процес во основното образование се унапредува со постојана комуникација и унапредување на сознанијата и размена на истите помеѓу наставниот кадар што ја изведува наставата. При реализација на предвидените активности се зголемува можноста да се споделат своите и искуствата на соработниците. При тоа секој наставник има можност да го вгради искуството во изведувањето на наставата од својот наставен предмет.

- Реализација на проекти за подобрување на условите за работа, како и подобрување на ефективноста и квалитетот на наставата

- Прилагодување на условите за работа и воспитно-образовниот процес кон новиот концепт на деветгодишно основно образование

- Синхронизирање на наставните планови и програми

- Подобрување на квалитетот и ефективноста на наставата

- Подобрување на постигањата на учениците, трајност на знаењата и оспособување за живот на ученичката популација

- Континуирана соработка со Активот на природно-математичката група предмети и јазична група на предмети, како и со Активот на одделенски наставници со состаноци за пренесување на информации и новитети во наставниот процес.

**Одговорен наставник:**
Даниел Бојчевиќ

## 11. Извештај за работата на природно-математички актив

Активот на предметни наставници во текот на учебната 2022/2023 год. ја изготви годишната програмата во месец септември.

**Природно-математичкиот актив го сочинуваат предметните наставници:**

1. Влатко Станоески - Математика

2. Биљана Грујовска - Математика

3. Валентина Неделкова – Биологија

4. Ребека Андреева – Хемија

5. Јовица Ристиќ – Информатика

6. Марина Трајковска – Географија

7.Убавка Цибрева - Физика

**Цели и предвидени исходи:**

Воспитно-образовниот процес во основното образование се унапредува со постојана комуникација и унапредување на сознанијата и размена на истите помеѓу наставниот кадар што ја изведува наставата. При реализација на предвидените активности се зголемува можноста да се споделат своите и искуствата на соработниците. При тоа секој наставник има можност да го вгради искуството во изведувањето на наставата од својот наставен предмет.

- Реализација на проекти за подобрување на условите за работа, како и подобрување на ефективноста и квалитетот на наставата

- Прилагодување на условите за работа и воспитно-образовниот процес кон новиот концепт на деветгодишно основно образование

- Синхронизирање на наставните планови и програми

- Подобрување на квалитетот и ефективноста на наставата

- Подобрување на постигањата на учениците, трајност на знаењата и оспособување за живот на ученичката популација

- Континуирана соработка со Активот на оштествени и јазична група на предмети, како и со Активот на одделенски наставници со состаноци за пренесување на информации и новитети во наставниот процес.

**Во текот на учебната година беа реализирани темите предвидени со програмата во термин од месецот прилагоден со распоредот на наставниците кои изведуваат часови и во второ училиште. Секој месец се предвидуваа средби на наставниците за тековните проблеми, донесување на заеднички став околу подготовките на учениците за тековните натпревари по соодветните предмети.**

| Ред. Број | Име и презиме | Предмет | Наслов | Дата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Работилница | Сите предметни наставници од активот | Меѓусебна интеграција на наставните предмети | Септември 2022год. |
| 2. | Валентина Неделкова | Биологија | Превенција од заразни болест | Октомври 2022 год. |
| 3. | Ребека Андреева | Хемија | Индикатори во секојдневниот живот | Ноември 2022 год. |
| 4. | Работилница | Сите предметни наставници од активот | Насоки и подготовки за престојните натпревари | Декември 2022 год. |
| 5. | Влатко Станоески | Математика | Отворен час | Јануари 2023 год. |
| 6. | Јовица Ристиќ | Информатика | Сајбер насилство | Февруари 2023 год. |
| 7. | Марина Трајковска | Географија | Географски одлики на Западна Европа- Франција | Март 2023 год. |
| 8. | Убавка Цибрева | Физика | Енергија -Ветер | Април 2023год. |
| 9. | Ребека Андреева | Хемија | Ензими-Биокатализатори | Мај 2023год. |
| 10. | Сите предметни наставници од Природно-математичкиот актив | Математика Биологија Хемија Физика Географија Информатика | Самоевалуација на посигнатите резултати во учебната 2022/2023 год. | Јуни 2023 год. |

**Одговорен наставник**
Ребека Андреева

## 12. Извештај за работата на ученичкиот парламент

На 19.09.2022г, директорот на училиштето ја одрѓа конститутивната седница на Ученичкиот парламент со претседателите на Ученичките заедници на паралелките од шесто до деветто одделение, во присуство на психологот и педагогот на училиштето. На состанокот директорот ги запозна со основните надлежности на Ученичкиот парламент, на начинот на избор на преседател на Ученичкиот парламент и негов заменик. На состанокот беше определена комисија која ќе го спроведе изборот.

На 26.09.2022г. се одржа втората седница на Ученичкиот парламент. За претседател на Ученичкиот парламент беше избрана Ивона Јовеска од 9б одд. додека за заменик беше избрана Ива Трајковска од 9в одд. Истите се делегираат и за членви на Училишниот одбор, без право на глас.

На 10.10. 2022г. се одржа состанок воден од членовите на стручната служба, по повод Светскиот ден на менталното здравје. Учениците преку повеќе активности работеа на областа ментално здравје, дискутираа, работеа во групи, изработуваа хамери и сл.

На 14.11.2022г. се одржа состанок со Ученичкиот парламент на кој се дискутираше по повеќе точки.

По првата точка се дискутираше за успехот и дисциплината на учениците кои се на задоволително ниво, но секогаш може да биде подобро и на повисоко ниво.

По втората точка, на учениците им беа споделени информации за приемниот ден на наставниците кога родителите можат да дојдат на консултации како и за термини за претстојните родителски средби.

По третата точка на учениците им беа претставени планираните и одобрени екскурзии за претстојната учебна година.

По четвртата точка, на учениците им беа претставени спортските активности и спортските натпревари во кои училиштето ќе се натпреварува.

Состанокот го водеше и реализираше директорот на училиштето.

На 03.04.2023г. се реализираше состанок на тема „Врсничко насилство“. На состанокот се дискутираа повеќе видови на насилство, учесници, последици можни начини на справување, можности за поддршка итн. Им беше претставена кутија за анонимно пријавување на насилство во која ќе можат анонимно да пријават доколку се соочат со насилство од било каков вид.

17.05.2023г. се реализираше состанок со присуство на претставници од МВР, инспектори за малолетничка деликвенција, на тема „Насилство во училиштата“. Учениците заедно со претставниците дискутираа, дава свои мислења, споделуваа примери за насилство, се запознаа со законските прописи на кои подлежат доколку практикуваат насилство, дава сугестии како да се намали насилството итн.

Координатор/наставник: Сретен Рогов

## 13. Годишен извештај за работата на Детската организација

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатори | Методи и постапки за реализација | Постигнати цели |
|---|---|---|---|---|
| Избор на раководство на Детска организација | 06.09.2022 | Одговорни наставници и ученици | Излагање и дискусија | Развивање позитивен однос и свест кај децата за донесување одлуки |
| Прием на првачињата во Детска организација | 07.10.2022 | Наставници и ученици од 1во одд | Свечено ветување и поделба на детски пасоши | Истакнување на одредби од Конвенцијата на правото на детето |
| Учество во патрониот празник | 28.10.2022 | Ученици од 1во до 9то одд | Училишна приредба<br>изложба | Развивање позитивен однос кон училиштето и негово прифаќање како образовна - воспитна институција |
| Одбележување на светскиот ден на учителот | Октомври | Одговорни наставници и ученици | Групна работа<br>Ученици во улога на | Подигнување на свеста за улогата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | наставници | на учителот |
| Работилници за изработување на украси за украсување на училиштето | 17.12.2022 | Одговорни наставници и ученици | Изработка на украси за училиштето | Поттикнување на креативност и соработка |
| Одбележување на Денот на мајчиниот јазик | 21.02.2023 | Одговорни наставници и ученици | Работилница | Љубов кон јазикот |
| Одбележување на Ден на Екологија | 21.03.2023 | Одговорни наставници и ученици | Еколошки активности | Развивање и поттикнување еколошка свест |
| Одбележување на Ден на шегата 1ви Април | 31.03.2023 | Ученици | Маскембал | Поттикнување на хумор и позитивен однос |
| Анализа на работата и активностите на Детската организација | 01.06.2022 | Одговорни наставници и ученици | Панел-дискусија | Изградување на личности задоволни,среќни од постигнатите резултати |

## ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕТСКАТА НЕДЕЛА И СВЕЧЕН ПРИЕМ НА ПРВАЧИЊАТА ВО ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Како и секоја учебна година, така и оваа 2022/2023г. во нашето училиште „Партенија Зографски“ –Скопје се одбележа детската недела со низа активности посветени на децата и нивните права, кои произлегуваат од Конвенцијата за правото на детето при ООН.

Сите паралелки од одделенска настава реализираа активности односно се одржаа работилници на кои беа изработени разни материјали за правата не детето, во согласност со мотото „Другарството е дел од среќата“. Воедно беше одбележан Светскиот ден на детето на 3-ти октомври. Првачињата се запознаа со правата и должностите на детето предвидени во законските регулативи имплементирани кај нас. Беше организирана заедничка работилница на сите првачиња каде децата ги нацртаа своите детски желби посветени на другарството.Исто така поминаа весели моменти исполнети со другарување и преку разни подвижни, натпреварувачки и спортски детски игри со своите поголеми другарчиња од другите паралелки, во дворот на училиштето. Сето ова беше организирано со цел да се поттикне дружењето кај најмалите, да се наметне стекнување на здрави навики за спортување, рекреација, а пред се да се влијае на создавање подобра, попријатна и потолерантна средина помеѓу децата

Како круна на сите активности во текот на целата седмица, беше и свечената приредба по повод прием на првачињата во **„Детската организација“** и положување на свечена заклетва, која се одржа на 7 октомври 2022 година организирана од другарчињата од повисоките одделенија во нивна чест .Директорот на нашето училиште на сите првачиња им посака топло добредојде во Детската организација и истакна дека децата се нашето богатство, нашата иднина и треба да веруваме во нив!

ДРАГИ  ПРВАЧИЊА ЧЕСТИТ ДА Е ДЕНОТ КОГА СТАНАВТЕ ДЕЛ ОД ДЕТСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА
















Детската организација во текот на целата училишна година настојуваше да се зголеми учеството на учениците, нивно промовирање и поттикнување преку разни форми и содржини на активности.

**Координатор**

Весна Тодоровска Унковска

## 14. Извештај од имплементација на активности за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието

Во учебната 2022/23 година во ООУ " Партенија Зографски" во однос присуство на МИО содржини, се реализираа предвидените самостојни мултикултурни работилници за време на одделенските часови со Животни вештини во сите генерации паралелки, согласно возраста на учениците. Интегрирани се МИО содржини и за време на часовите од редовна настава, онаму каде што може да се најде допирни точки и каде дозволува содржината на темата што се изучува,а за истото се изготвени извештаи за текот на часовите и обработените содржини.

На почетокот на учебната година наставниците, секој во својот домен, изработија план за реализирање на самостојни мултикултурни работилници во рамките на годишните и тематските планирања и истите беа уредно доставени до координаторот на проектот.

Според насоките на менторот на училиштето, предвидено е наставниците да планираат и реализираат МИО содржини во вид на самостојни мултикултурни работилници во училиштето, од причина што партнер училиштето, “Фаик Коница” се наоѓа во село Дебреше, Гостивар и финансиските можности не дозволуваат реализација на почести заеднички средби со физичко присуство, а се реализираат исто така и онлајн работилници.

Членовите на СИТот во проширен состав одржуваат постојана телефонска комуникација со колегите од партнер училиштето, особено околу договор за работилниците, а функционира и посебна viber група за размена на искуства, информации и идеи.

Во месец ноември реализирана беше 2рата од 4 планирани работилници на тема **Diversity- We are all different, but the same...** а целта- да се се дефинираат и воочат сличности и разлики меѓу младите ширум светот и кај нас и да се подигне свеста кај учениците дека сите тинејџери/млади луѓе во светот се по многу работи различни, но имаат слични интереси и можат да бидат пријатели без разлика на сите разлики меѓу нив.

На оваа средба се работеше наставната единица која промовира градење на вистински вредности кај учениците, вредности кои важат за 21 век- единството во светот е можно само со прифаќање на различностите меѓу луѓето.. Сметаме дека ова искуство ќе ги научи овие ученици дека е потребно да ги рушат бариерите кои постојат во општеството, да ги надминат предрасудите, да се дружат повеќе и со пријатели од друга национална и верска припадност, и на тој начин да создаваме едно здраво општество за сите.

Во месец јануари 2023г. со физичко присуство во наст. канцеларија во училиште се одржа работилница/дисеминација на содржините од посетените обуки на координаторот за МИО, во организација на NANSEN dialogue Center and British Council , а во соработка со МОН.





Содржината беше од обласа на мултикултурното и интеркултурното образование и нивното значење, а наставниците беа запознати и со клучните точки од обуките на Британскиот Совет кои се предуслов за  новото - Образование на иднината, а тие се Еднаквост, Различност и Инклузија кои треба да бидат промовирани и имплементирани во секое училиште како организација која обезбедува еднаков третман за сите.

Темата беше интересна за сите присутни наставници, со заклучок дека заслужува да биде продлабочена и понатаму со последователни обуки и работилници за сите.

Во второто полугодие од учебната година преовладуваше реализација на самостојните мултикултурни работилници според програмата на наставниците во одделенска и предметна настава, а за кои наставниците праќаат  извештаи кои пак се уредно зачувани во фолдер за тековната учебна година. Во прилог следат извештаи и реализиран час со мултикултурни содржини во прилог на горенаведеното.

Извештај од реализирана работилница

“Традицијата во другите делови на светот”




Учесници: IVа и IVб

Датум: 16.05.2023

Одговорни наставници:

Катерина Н.Младеновска

Милица Миноска

**Вовед:**

Со цел на учениците од четврто одделение да им се понуди можност да научат за богатата разновидност на култури присутни на африканскиот континент, беше реализирана работилница која им понуди информации за разбирање на африканските традиции. Главната цел беше да се поттикне кај учениците почитување и познавање на различни култури. Работилницата беше составена од истражувачки активности  кои учениците ги извршуваа во групи, при што секоја група се концентрираше на одреден аспект на африканските традиции. африканските обичаи.

Од 4-5 ученици беше составена секоја од малите групи кои беа формирани од одделението. Групите имаа задача да го извршат истражувањето со аспект на африканските традиции, како што се облеката, кујната, музиката, танцот или прославите.

**Истражување:**

За да им се помогне на учениците да научат повеќе за нивната избрана тема, им беа достапни повеќе ресурси, како што се книги, енциклопедии и онлајн извори. Тие беа повикани да истражат неколку аспекти на темата, како што се неговиот историски контекст, културната релевантност и современите обичаи.

Извлекување податоци:

На групите им беа дадени упатства како да најдат важни факти за африканските обичаи што ги избрале.

**Подготовка за презентација:**

За да ги презентираат своите истражувања, секоја група креираше постер. Наставничките ги поттикнаа учениците да бидат креативни и да вметнат слики при изработка на своите постери.

Работилницата за учење за африканските традиции заврши успешно. Додека го вршеа своето истражување и даваа свои изработки, четвртоодделенците покажаа иницијатива и љубопитност. Тие научија многу за богатата културна историја на Африка преку нивните кооперативни напори.





**Пример за реализиран час - ДНЕВНА ПОДГОТОВКА ЗА ЧАС НА ОДДЕЛЕНСКА ЗАЕДНИЦА со примена на МИО активности**

**7 одд.** **Дата 29-5-2023год.**

| | |
|---|---|
| ТЕМА | II тема:Јас и ти – Интерперсонален развој |
| НАСТАВНА ПРОГРАМА | Животни вештини |
| Содржина | II – Разрешување конфликти |
| Работилница | II – Сработка или натпревар |
| КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ ( знаења, вештини, вредности ) | - Знае кои се придобивките од пријателството и дружењето со врсници од различна е припадност;<br><br>Умее да помогне на некој на кој му треба помош ;<br>Умее да побара помош кога му треба помош и од припадици на други етникуми<br>Согледува дека дружењето со пријатели од различни етникуми е позитивна особина и основа за соживот во заедницата<br>Да се оспособат за слободно и спонтано комуницирање (се вклучува во отворени разговори;да се намалат предрасудите преку контакт со припадниците на другите етнички/културни заедници<br>да се зголеми меѓусебната доверба и соработка |
| НАСТАВНИ МЕТОДИ | **На демонстрација** **На усно излагање** **На практична работа**<br>**Текст метода** **Метод на пишување, цртање** **На игра** **Говорен метод** |
| НАСТАВНИ СРЕДСТВА | **Упатсво за работа за учениците–Прибор за пишување,листови,селотејп** |
| ФОРМИ НА РАБОТА | 1. Индивидуална 2.Заедничка 3. Групна 4. Индивидуализирана |
| МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА | **Училница**<br>**Техники:** грозд, т табела,<br><br>**Следење и вреднување** (методи, инструменти и индикатори):<br><br>**Методи:** дискусија<br><br>**Инструменти:** усна повратна информација<br><br>**Индикатори:** точно одговара |

**Техники:** грозд, т табела

**Следење и вреднување** (методи, инструменти и индикатори):

**Методи:**

**Инструменти:** дискусија

**Индикатори:** <u>усна повратна информација</u>

точно одговара

| Етапи на часот | АКТИВНОСТ НА НАСТАВНИКОТ | АКТИВНОСТ НА УЧЕНИКОТ |
|---|---|---|

| Етапи на часот | АКТИВНОСТ НА НАСТАВНИКОТ | АКТИВНОСТ НА УЧЕНИКОТ |
| --- | --- | --- |
| ВОВЕДНА АКТИВНОСТ | **Игра: Сите ученици стојат во круг. Со балон апочнува еден ученик активност..именува кон кого го упатува балонот и кажува по една позитивна карактеристика за личноста(само по еднас може ученик да прифати балон)со што се откриваат заедничките позитивни карактеристики** | Внимаваат и ја играат играта.<br>Секое дете учествува во активност, а останатите слушаат |
| ГЛАВНА АКТИВНОСТ | <u>Главна активност 1.</u><br>Се делат во групи 4 или 5 во зависнотод бројот и секоја група добива активности да се напишат главните особини сто сакаат да ги поседува нивниот пријател.<br>Мојот пријател треба да биде.....се дополнува реченицата а потоа презентираат.<br>Дискусија<br>1. Кои особини ви беа најважни?<br>2. Дали на сите ни беа важни истите особини?<br>3. Зошто е важно да ја поседува особината..... да се објасни?<br><u>Заклучок:</u><br>Некои работи сите исто ги цениме и сакаме нашите другари да ги поседуват.Но за некои работи не сите мислиме исто.Но заедничко за сите е дека битно е да се поседуваат кажаните карктеристи на личноста а не е битно пипадност,национаклност ... | Учениците пишуваатт и презентираат, а потоа разговараат по прашањата.<br><br>Учениците пишуваат и презентираат, а потоа разговараат по прашањата.<br><br>Го слушаат заклучокот кој јас го читам, и даваат свое мислење. |
| ЗАВРШНА АКТИВНОСТИ | Игра Учениците имаат на грб залепено празни листови и се движат слободно низ училница.Другите пишуваат на листот по една позитивна карактеристика што мислат дека ја поседува ученикот како добар пријател | Ја играат играта според дадени упатства без да се буткаат и да се повредат. |
| РЕФЛЕКСИЈА | *Што правевме денес?<br><br>*Како се чувствувавте?<br><br>*Што научивме?<br><br>*Како може наученото да го користи-<br><br>ме во секојдневниот живот за соживот со по с подеднакво без разлика кои се ..каде прирагаа религија се... ? | Ги искажуваат своите впечатоци од овој наставен час. |

**<u>Евалвација на часот-</u>** Целите на часот се целосно постигнати.Учениците научија дека битни се позитивните карактеристики на личноста која ни е пријател а не се водиме од етничка или друга припадност,  да се намалат предрасудите преку контакт со припадниците на другите етнички/културни заедници, зголемувајќи ја така меѓусебната доверба и соработка.

-во прилог листови со искази од ученици

Учебната 2022/23 беше усте една успешна и плодотворна година, сите учесници во заедничките и самостојните мултикултурни работилници научија многу за важноста да се биде дел од мултикултурно општество каде се почитуваат разликите само како едно богатство повеќе и од кое добиваат сите нешто повеќе.

Координатор за МИО

Соња Николова Крковска

## 15. Извештај за реализирани натпревари

**Предметна настава**

- По предметот **математика**

**(** Одговорни наставници Влатко Станоески, Билјана Грујовска )

| Натпревар | Име и презиме на ученик | Одделение | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|---|
| Општински натпревар | Дарјан Станковски | VI | Пофалница | Влатко Станоески |
| | Ана Арсова | VI | 1 | Влатко Станоески |
| | Матеа Николовска | VII | Пофалница | Влатко Станоески |
| | Константин Поповски | VII | Пофалница | Влатко Станоески |

Општински натпревар за 8 одделение по математика-- ментор Билјана Грујовска

1. Мартин Шикалески 8б одд. (прво место)

Регионален натпревар за 8 одделение по математика

1. Мартин Шикалески 8б одд. (второ место)

Државен натпревар за 8 одд одделение по математика

1. Мартин Шикалески 8б одд. (трето место)

Општински натпревар за 9 одделение по математика - ментор Билјана Грујовска

1. Ањa Стојчевска (пофалница)

Регионален натпревар за 9 одделение по математика

1. Ања Стојчевска (пофалница)

Државен натпревар за 9 одд одделение по математика

1. Ања Стојчевска 9б одд. (учество)

- по предметот физика

меѓународен натпревар – physics in advent

учесници

христијан јевтиќ , Ања Стојчевска , Билјана Младеновиќ 9 одд,

ментор Убавка Цибрева

- По предметот Германски Јазик

На ден 20.03.2023 година во просториите на ООУ„Партенија Зографски“ – Кисела Вода, Скопје беше спроведен натпревар по предметот германски јазик. Ментор на натпреварот беше наставничката по германски јазик Марија Николовска.

На натпреварот учествуваа 18 ученици. Учесниците беа учениците од 7мо до 9то одделение кои беа навремено пријавени за учество.

На натпреварот за 6 то одделение учествуваа 4 ученици , од 7мо одделение учествуваа 7 ученици, од 8мо одделение учествуваше 1 ученик ,од 9то одделение учествуваа 6 ученици .

**Учесници од 6 то одделение:**

- Од 6а одделение : Ана Арсова, Јована Ангеловска, Стела Миланова, Софија Аврамовска

**Учесници од 7мо одделение**:

- од 7а одделение: Васил Христов
- од 7б одделение: Петар Секуловски, Константик Арсов, Софија Манасиева
- од 7в одделение: Бојан Огњановски, Ева Милевска

**Учесници од 8мо одделение:**

- од 8б одделение: Михаела Варелова

**Учесници од 9то одделение:**

- од 9б одделение: Ања Стојчевска, Биљана Младеновиќ, Ина Стојановска, Никола Јанев
- од 9в одделение: Ива Алексоска , Лила Игњатова

По спроведување на тестот за **6**то одделение се добија следниве резултати:

1 место – Ана Арсова

2 место – Стела Миланова

3 место – Јована Ангеловска

По спроведување на тестот за **7**мо одделение се добија следниве резултати:

1 место – Софија Манасиевска

2 место – Васил Христов

3 место – Петар Манасиевски

По спроведување на тестот за **8**мо одделение се добија следниве резултати:

1 место – Михаела Варелова

По спроведување на тестот за **9**то одделение се добија следниве резултати:

1 место – Ања Стојчевска

2 место – Лила Игњатова

3 место – Биљана Младеновиќ

ООУ„Партенија Зографски" - Кисела Вода, Скопје учествуваше на регионалниот натпревар по германски јазик организиран од страна на здружението на наставници по германски јазик MKDV споведен на 12.04.2023. На регионалниот натпревар учествуваа и не претставуваа како училиште ученици кои се пласираа помеѓу најдобрите на училишниот натпревар.

- од VI одделение: Ана Арсова, Стела Миланова, Јована Ангеловска
- од VII одделение:Софија Манасиева, Васил Христов, Петар Секуловски
- од VIII одделение: Михаела Варелова
- од IX одделение: Ања Стојчевска, Лила Игњатова, Биљана Младеновиќ

По спроведување на регионалниот натпревар учениците ги постигнаа следните резултати:

| Натпревар | Име и презиме на ученик | Одделение | Постигнат резултат | Ментор |
|---|---|---|---|---|
| Регионален натпревар | Ања Стојчевска | IX | 2 место | Марија Николовска |
| | Билјана Младеновиќ | IX | пофалница | Марија Николовска |
| | Лила Игњатова | IX | пофалница | Марија Николовска |
| | Михаела Варелова | VIII | пофалница | Марија Николовска |
| | Софија Манасиева | VII | пофалница | Марија Николовска |
| | Васил Христов | VII | пофалница | Марија Николовска |
| | Петар Секуловски | VII | пофалница | Марија Николовска |
| | Ана Арсова | VI | пофалница | Марија Николовска |
| | Стела Миланова | VI | пофалница | Марија Николовска |
| | Јована Ангеловска | VI | пофалница | Марија Николовска |

По спроведување на регионалниот натпревар следните ученици се пласираа на државен натпревар :

1. Ања Стојчевска од IX одделение

2. Софија Манасиева од VII одделение
3. Васил Христов од VII одделение
4. Јована Ангеловска од VI одделение
5. Ана Арсова од VI одделение
6. Стела Миланова од VI одделение

ООУ„Партенија Зографски“ - Кисела Вода, Скопје учествуваше на државен натпревар по германски јазик организиран од страна на здружението на наставници по германски јазик MKDV спроведен на 04.05.2022. На регионалниот натпревар учествуваа и не претставуваа како училиште ученици кои се пласираа помеѓу најдобрите на регионалниот натпревар.

1. Ивана Николова од IX одделение
2. Ања Стојчевска од VIII одделение
3. Билјана Младеновиќ од VIII одделение

По спроведување на државниот натпревар учениците добија пофалници за учество.

| Име и презиме на ученик | Одделение | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|
| **Ања Стојчевска** | VIII | 3 место | Марија Николовска |

ООУ„Партенија Зографски“ - Кисела Вода, Скопје учествуваше на видео натпревар по германски јазик “Mint in meinem Leben” организиран од Goethe-Institut Skopje спроведен на 06.04.2023. На натпревар учествуваа и не претставуваа како училиште ученици од IX одделение:

- Николај Петровски
- Ања Стојчевска

одговорен наставник

Марија Николовска

- **По предметот биологија и природни науки**

На ден 14.12.2022 година во просториите на ООУ„Партенија Зографски“ – Кисела Вода, Скопје беше спроведен натпревар по предметот априродни науки  и биологија. Ментор на натпреварот беше наставникот по природни науки и биологија.

На натпреварот учествуваа ученици од 6то до 9то одделение и имаше пријавени учесници од 6,7 и 9 одделение.

По учеството на натпреварот учениците со освоено прво место ќе имаат можност да го претставуваат училиштето на општинскиот натпревар кој ќе се одржи во месец март во организација на Македонско биолошко друштво.

| Натпревар | Име и презиме на ученик | Одделение | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|---|
| **Училишен натпревар** | Софија Манасиевска | 7б | 1 | Валентина Неделкова |
| | Костантин Арсовски | 7б | 1 | Валентина Неделкова |
| | Марко Василевски | 9а | 1 | Валентина Неделкова |
| | Ања Стојчевска | 9б | 1 | Валентина Неделкова |
| | Филип Стојчевски | 9б | 1 | Валентина Неделкова |
| | Билјана Младеновиќ | 9б | 1 | Валентина Неделкова |
| | Ива Алексоска | 9б | 1 | Валентина Неделкова |

Ученици кои освоија прво место се следните:

- 1. Марко Василевски (9 одделение)
- 2. Билјана Младеновска (9 одделение)
- 3. Ања Стојчевска ( 9 одделение)
- 4. Филип Стојчевски  (9 одделение)
- 5. Ива Алексовска (9 одделение)
- 6.Арсовски Константин (7 одделение)
- 8. Софија Манасиевска ( 7одделение)
- 9.Андреј Димовски (6 одделение)
- 10. Стела Миланова(6 одделение)
- 11.Марија Иванова(6 одделение)
- 12.Ана Јаневска(6 одделение)
- 13.Леон Дончев(6 одделение)

Кои беа пријавени за општинскиот натпревар по електронски пат во одредениот рок зададен од Македонското биолошко друштво

ЗАБЕЛЕШКА: Сите ученици се пласираа и го претставуваа училиштето на општинскиот натпревар натпревар по биологија на 10-03-2023

| Натпревар | Име и презиме на ученик | Одделение | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|---|
| **Општински натпревар** | Софија Манасиевска | 7б | 2 | Валентина Неделкова |
| | Костантин Арсовски | 7б | 3 | Валентина Неделкова |
| | Марко Василевски | 9а | 2 | Валентина Неделкова |
| | Ања Стојчевска | 9б | 2 | Валентина Неделкова |
| | Филип Стојчевски | 9б | 2 | Валентина Неделкова |
| | Билјана Младеновиќ | 9б | 3 | Валентина Неделкова |
| | Ива Алексоска | 9в | 2 | Валентина Неделкова |

Регионален натпревар по биологија оддржан на ден 07.04.2023 учествуваа следните ученици

| Натпревар | Име и презиме на ученик | Одделение | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|---|
| **Регионален натпревар** | Софија Манасиевска | 7б | 2 | Валентина Неделкова |
| | Костантин Арсовски | 7б | 3 | Валентина Неделкова |
| | Марко Василевски | 9а | 2 | Валентина Неделкова |
| | Ања Стојчевска | 9б | 2 | Валентина Неделкова |
| | Филип Стојчевски | 9б | 2 | Валентина Неделкова |
| | Билјана Младеновиќ | 9б | 3 | Валентина Неделкова |
| | Ива Алексоска | 9в | 2 | Валентина Неделкова |

**Државен натпревар по биологија оддржан на ПМФ/ 20-05-2023**

| Натпревар | Име и презиме на ученик | Одделение | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|---|
| **Државен натпревар** | Софија Манасиевска | 7б | 1 | Валентина Неделкова |
| | Марко Василевски | 9а | 3 | Валентина Неделкова |

Ментор:

Валентина Неделкова

**По предметот Хемија**
( одговорен наставник и ментор Ребека Андреева)

ООУ„Партенија Зографски“ –Кисела Вода, Скопје учествуваше на општинскиот натпревар по Хемија организиран од страна на Сојуз на Хемичари одржан на 18.03.2023 година.

На општинскиот натпревар учествуваа и не претставуваа како училиште следниве ученици

Мила Ристоска -8а одд.

Леа Зајков -8а одд.

Марија Тренкоска -8а одд.

Лина Димитриевска -8а одд.

Емилија Георгиевска -8б одд.

Мартин Шикалески-8б одд.

Марко Василевски -9а одд.

Никола Пецевски -9а одд.

Иван Пеневски-9а одд.

Емил Манчев 9а одд.

Ања Стојцевска -9б одд.

Билјана Младеновиќ-9б одд.

Филип Стојчевски -9б одд.

Марија Гулева -9в одд.

Лила Игњатова -9в одд.

Ментор на натпреварот беше наставничката по Хемија -Ребека Андреева.
Учениците навремено беа пријавени за учество и им беа појаснети правилата и начинот на спроведување на општинскиот натпревар од страна менторот.

ООУ„Партенија Зографски“ –Кисела Вода, Скопје учествуваше на регионалниот натпревар по  Хемија организиран од страна на Сојуз на Хемичари кој се спроведе на ден 06.05.2023 година.

На регионалниот натпревар учествуваа и не претставуваа како училиште следниве ученици-

Мила Ристоска -8а одд.

Леа Зајков -8а одд.

Марија Тренкоска -8а одд.

Емилија Георгиевска -8б одд.

Мартин Шикалески-8б одд.

Марко Василевски -9а одд.

Никола Пецевски -9а одд.

Ања Стојчевска -9б одд.

Биљана Младеновиќ-9б одд.

Филип Стојчевски -9б одд.

Марија Гулева -9в одд.

Ментор на натпреварот беше наставничката по Хемија -Ребека Андреева.
Учениците навремено беа пријавени за учество и им беа појаснети правилата и начинот на спроведување на регионалниот натпревар од страна на менторот.

По спроведениот регионален натпревар беа постигнати следниве резултати-

| | **Име и презиме на ученик** | **Одделение** | **Освоено место** | **Ментор** |
|---|---|---|---|---|
| **Регионален натпревар** | Марија Тренкоска | 8 | 2 | Ребека Андреева |
| | Мила Ристовска | 8 | 3 | |
| | Леа Зајков | 8 | 3 | |
| | Емилија Георгиевска | 8 | 3 | |
| | Мартин Шикалески | 8 | 2 | |
| | Ања Стојчевска | 9 | 3 | |
| | Биљана Младеновиќ | 9 | 2 | |
| | Филип Стојчевски | 9 | 3 | |
| | Никола Пецевски | 9 | 3 | |

ООУ„Партенија Зографски“ –Кисела Вода, Скопје учествуваше на Држаавен натпревар по Хемија организиран од страна на Сојуз на хемичари кој се спроведе на ден 26.05.2023 година.

На државниот натпревар учествуваа и не претставуваа како училиште следниве ученици -

Марија Тренкоска -8а одд.
Мартин Шикалески-8б одд.
Ања Стојчевска -9б одд.
Билјана Младеновиќ -9б одд.

Ментор на натпреварот беше наставничката по Хемија-Ребека Андреева.
Учениците навремено беа пријавени за учество и им беа појаснети правилата и начинот на спроведување на Државниот натпревар од страна на менторот.

По спроведување на Државниот натпревар се постигнаа следниве резултати:

| Натпревар | Име и презиме на ученик | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|
| Општински натпревар | Ања Стојчевска | 2 | Ребека Андреева |
| | Билјана Младеновиќ | 2 | Ребека Андреева |

**По предметот Англиски јазик**

ООУ„Партенија Зографски“ –Кисела Вода, Скопје учествуваше на општинскиот натпревар по англиски јазик организиран од страна наздружението ЕЛТАМ кој се спроведе на ден 18.03.2023 година.
На општинскиот натпревар учествуваа и не претставуваа како училиште оние ученици кои се пласираа на прво место на училишниот натпревар.
5 одделение – Огнен Мирчиќ
Мила Манчев
6 одделение – Ана Арсова
Марија Стојчевска
7 одделение – Ведран Крстевски
Софија Гроздановска
8 одделение – Ева Овнарска
Магдалена Василковска
9 одделение – Филип Стојчевски
Мила Велковска

Ментори на натпреварот беа наставниците по англиски јазик Соња Н. Крковска и Лидија Ристовска Атанасова.
Учениците навремено беа пријавени за учество и им беа појаснети правилата и начинот на спроведување на општинскиот натпревар од страна на менторите.

По спроведување на општинскиот натпревар се постигнаа следниве резултати:

| Натпревар | Име и презиме на ученик | Одделение | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|---|
| Општински натпревар | Огнен Мирчиќ | V | 1 | Лидија Ристовска Атанасова |
| | Мила Манчев | V | 1 | Лидија Ристовска Атанасова |
| | Ана Арсова | VI | 2 | Соња Н. Крковска |
| | Ведран Крстевски | VII | 3 | Лидија Ристовска Атанасова |
| | Софија Гроздановска | VII | 3 | Лидија Ристовска Атанасова |
| | Ева Овнарска | VIII | 2 | Соња Н. Крковска |
| | Магдалена Василковска | VIII | 1 | Соња Н. Крковска |
| | Филип Стојчевски | IX | 2 | Лидија Ристовска Атанасова |

ООУ„Партенија Зографски“ –Кисела Вода, Скопје учествуваше на регионалниот натпревар по англиски јазик организиран од страна на здружението ЕЛТАМ кој се спроведе на ден 08.04.2023 година.

На регионалниот натпревар учествуваа и не претставуваа како училиште оние ученици кои се пласираа помеѓу најдобрите на општинскиот натпревар.

5 одделение – Огнен Мирчиќ
Мила Манчев
6 одделение – Ана Арсова
7 одделение – Ведран Крстевски
Софија Гроздановска
8 одделение – Ева Овнарска
Магдалена Василковска
9 одделение – Филип Стојчевски

Ментори на натпреварот беа наставниците по англиски јазик Соња Н. Крковска и Лидија Ристовска Атанасова.

Учениците навремено беа пријавени за учество и им беа појаснети правилата и начинот на спроведување на регионалниот натпревар од страна на менторите.

По спроведување на регионалниот натпревар се постигнаа следниве резултати:

| Натпревар | Име и презиме на ученик | Одделение | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|---|
| Општински натпревар | Огнен Мирчиќ | V | 1 | Лидија Ристовска Атанасова |
| | Мила Манчев | V | 1 | Лидија Ристовска Атанасова |
| | Ана Арсова | VI | 2 | Соња Н. Крковска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ведран Крстевски | VII | 3 | Лидија Ристовска Атанасова |
| Софија Гроздановска | VII | 3 | Лидија Ристовска Атанасова |
| Ева Овнарска | VIII | 2 | Соња Н. Крковска |
| Магдалена Василковска | VIII | 1 | Соња Н. Крковска |
| Филип Стојчевски | IX | 2 | Лидија Ристовска Атанасова |

**По предметот македонски јазик**

Извештај за на општинскиот натпревар по Македонски јазик

На ден 1.6.2023г. општина Кисела Вода организираше општински натпревар по Македонски јазик на кој учествуваа учениците од 6 до 9 одд. од ООУ ,,Партенија Зографски" и го постигнаа следниов успех:

6 одд.
ментор: Мирјана Велковска
1. Стефан Јованов 6б - 2 место;
2. Марија Стојчевска 6а - 2 место;

7 одд.
ментор: Васка Икономова
1. Мила Миланоска 7а- 3 место;

8одд.
ментор: Васка Икономова
1.Ирина Давидовска 8а - 1 место;
2. Антонија Здравковска 8а -2 место.

9 одд.
ментор: Дијана Игњевска-Стојаноска
1. Ива Алексоска 9-в одд. - 1 место;
2. Ина Стојановска 9-б одд. - 1 место;
3. Анастасија Никовска 9-б одд. - 3 место.

**По предметот музичко образование**

На регионалниот натпревар организиран од ЗМП, на 24.04.2023 г. во ООУ „Љубен Лапе“-Аеродром,Скопје хорот при ООУ ,,Партенија Зографски" освои второ место. Од дисциплина: Вокални солисти, ученичката Ирина Давидовска од 8а одд. освои прво место. На државниот натпревар кој се одржа на 06.05.2023 год. во Прилеп, во соло пеење на вокални интерпретатори, ученичката Ирина Давидовска од 8а одд. го освои првото место.

Ментор на хорот и вокалниот солист:
Игор Беличански

**Одделенска настава**

ООУ„Партенија Зографски“ –Кисела Вода, Скопје учествуваше на општинскиот натпревар по МАТЕМАТИКА организиран од страна на Сојузот на математичари на Македонија кој се спроведе на ден 04.02.2023 година.

Ментори на натпреварот беа наставниците од одделенска настава

Катерина Н. Младеновска и Милица Миноска

Учениците навремено беа пријавени за учество и им беа појаснети правилата и начинот на спроведување на општинскиот натпревар од страна на менторите.

По спроведување на општинскиот натпревар се постигнаа следниве резултати:

| Натпревар | Име и презиме на ученик | Одделение | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|---|
| Општински натпревар | Веда Стојанова | IV А | Признание | Кaтетина Н. Младеновска |
| | Александар Исајловски | IV А | Признание | Катерина Н. Младеновска |
| | Максим Здравковски | IV Б | II место | Милица Миноска |
| | Филип Пехчевски | IV Б | Признание | Милица Миноска |
| | Матео Поповски | IV Б | Признание | Милица Миноска |
| | Марија Милански | IV Б | Признание | Милица Миноска |
| | Михаил Михајловски | IV Б | Признание | Милица Миноска |
| | Теона Трпеска | IV Б | Признание | Милица Миноска |
| | Ева Михајловска | IV Б | Признание | Милица Миноска |

ООУ„Партенија Зографски“ –Кисела Вода, Скопје учествуваше на регионалниот натпревар по МАТЕМАТИКА организиран од страна на Сојузот на математичари на Македонија кој се спроведе на ден 04.03.2023 година.

Ментор на натпреварот беше наставничката од одделенска настава Милица Миноска.

Учениците навремено беа пријавени за учество и им беа појаснети правилата и начинот на спроведување на општинскиот натпревар од страна на менторите.

По спроведување на регионалниот натпревар се постигнаа следниве резултати:

| Име и презиме на ученик | Одделение | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|
| **Максим Здравковски** | IV Б | II место | Милица Миноска |

ООУ„Партенија Зографски“ –Кисела Вода, Скопје учествуваше на <u>општинскиот</u> натпревар по ПРИРОДНИ НАУКИ организиран од страна на Македонско Биолошко Друштво кој се спроведе на ден 10.03.2023 година.

Ментори на натпреварот беа наставниците од одделенска настава Катерина Н. Младеновска и Милица Миноска

Учениците навремено беа пријавени за учество и им беа појаснети правилата и начинот на спроведување на општинскиот натпревар од страна на менторите.По спроведување на општинскиот натпревар се постигнаа следниве резултати:

| Натпревар | Име и презиме на ученик | Одделение | Освоено место | Ментор |
|---|---|---|---|---|
| Општински натпревар | Миа Глобочки | IV А | Прво | Кататина Н. Младеновска |
| | Александар Исајловски | IV А | Второ | Катерина Н. Младеновска |
| | Веда Стојанова | IV А | Второ | Катерина Н. Младеновска |
| | Михаил Јовески | IV А | Второ | Катерина Н. Младеновска |
| | Јана Костадиновска | IV А | Пофалница | Катерина Н. Младеновска |
| | Максим Здравковски | IV Б | Второ | Милица Миноска |
| | Анџело Дичевски | IV Б | Второ | Милица Миноска |
| | Теона Трпеска | IV Б | Второ | Милица Миноска |
| | Антон Згонц | IV Б | Второ | Милица Миноска |
| | Ања Стојчевска | IV Б | Трето | Милица Миноска |
| | Калина Митревска | IV Б | Трето | Милица Миноска |
| | Марко Крстаноски | IV Б | Трето | Милица Миноска |
| | Михаил Михајловски | IV Б | Трето | Милица Миноска |
| | Андреј Ваневски | IV Б | Трето | Милица Миноска |
| | Марија Милански | IV Б | Пофалница | Милица Миноска |
| | Матео Поповски | IV Б | Пофалница | Милица Миноска |
| | Ева Михајловска | IV Б | Пофалница | Милица Миноска |
| | Филип Пехчевски | IV Б | Пофалница | Милица Миноска |

ООУ„Партенија Зографски“ –Кисела Вода, Скопје учествуваше на регионалниот натпревар по ПРИРОДНИ НАУКИ организиран од страна на Македонско Биолошко Друштво кој се спроведе на ден 10.04.2023 година.

Ментори на натпреварот беа наставниците од одделенска настава Катерина Н. Младеновска и Милица Миноска

Освоени награди за конкурс литература и ликовно образование
( учество на ученици од 1 до 9 одделение ) од страна на училиштето и општината

**Мото: ,,Детството е тајна бескрајна”**

(Наградени ученици - 2022/2023 год.)

Училишно ниво

**Литературни творби од 1. до 3. одд.**

1.место – Сара Стојковска 2а одд.

2.место - Дамјан Гацев 2в одд.

3.место - Мила Јовановска 2в одд.

**Литературни творби од 4. до 5. одд.**

1.место – Александар Исајловски 4а одд.

2.место – Максим Спироски 5б одд.

3.место – Теона Трпеска 4б одд.

**Литературни творби од 6. до 9. одд.**

1.место – Андреј Димовски 6а

2.место – Ева Милевска 7в одд.

3.место - Ина Стојановска 9б одд.

**Ликовни творби од 1. до 3. одд.**

1.место - Сара Петковска 3б одд.

2.место - Емили Цветковска – Георгиевска 2б одд.

3.место – Јана Каевска 2в одд.

**Ликовни творби од 4. до 5. Одд**

1.место - Даријан Тренчевски 5б одд.

2.место - Сара Атанасовска 5б одд.

3.место – Валентина Ивковска 5а одд.

**Ликовни творби од 6. до 9. одд.**

1.место – Леа Зајков 8а одд.

2..место – Мила Ристоска 8а одд.

3.место - Софија Аврамовска 6а одд.

Општинско ниво Литературен конкурс за 21 февруари – Ден на мајчиниот јазик –

Вртески Теодор – 3 место

Андреј Ефтимов 6а – 1 место (да ја прашам Мирјана дали е тој)

Софија Манасиева – 3 награда Ликовен конкурс

Општински натпревар по Македонски јазик (тестирање)

Стефан Јованов 6в – 2 место

Марија Стојчевска 6а – 2 место

Мила Милански 7а – 3 место

Ирина Давидовска 8а - 1 место

Антонија Здравков 8а – 2 место

Ива Алексовска 9а – 1 место

Ина Стојановска 9б - 1 место

Анастасија Никовска 9б – 3 место

Одговорен Наставник за изготвување на
извештајот за реализирани натпревари
**Влатко Станоески**

## 16. Јавна и културна дејност на училиштето

**Цели на активностите:**

Предвидените активности во текот на целата учебна година имаат цел да придонесат за афирмација на целокупниот воспитно-образовен процес на училиштето преку презентирање на активности со соработка на родителите, локалната средина и пошироко.

Активности:

- Подготовки за првиот училишен ден
- Свечена манифестација за првиот училишен ден
- Одбележување на 8 Септември – ден на осамостојување на Р. Македонија
- Одбележување на Светскиот ден на детето – Детска недела
- Активности за Месецот на книгата - октомври
- Одбележување на 11 Октомври
- Одбележување на Денот на училиштето
- Активности за Денот на училиштето
- Одбележување на 13 Ноември
- Активности за 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба
- Одбележување на Св. Климент Охридски
- Новогодишни и божиќни активности
- Одбележувањето на роденденот на Гоце Делчев
- Активност за Светскиот ден на мајчиниот јазик
- Одбележување на 8 Март
- Активнсти по повод Денот на екологијата и почеток на пролетта
- Априлијада – маскембал
- Меѓународен ден на здравјето
- Велигденски празници
- 1 Мај – Ден на трудот
- Одбележување на 4 Мај – ден на загинувањето на Гоце Делчев
- 6 Мај – Ден на општината Кисела Вода
- Учество во емисијата ,,Голем одмор” МРТ
- 24 Мај – ден на просветителите Кирил и Методиј
- Училиштето ќе организира дополнителни активности во текот на учебната година доколку има потреба од истите

## 17. Реализирани активности за грижа за здравјето на учениците

Грижата за здравјето на учениците е една од приоритетните задачи на училиштето за оваа учебна година.
Училиштето води посебна грижа за здравјето на учениците преку наставните содржини поврзани со здравјето, здравиот начин на живот, превенција од болести, хигиенски навики, здрава исхрана, спорт и рекреација чување на околината и природата.
Активностите за грижа за здравјето на учениците се реализираат на одделенскиот час, на слободните ученички активности, на посебни предавања, прегледи и сл.

- Извршени се редовни вакцинација и ревакцинација за учениците од I и IX одделение
- Извршени се редовни задолжителни стоматолошки прегледи за учениците од I до VII одделение.
- **Извештај од реализирано предавање на тема**

  **<u>“Орална хигиена и здрава исхрана”</u>**




- Во рамките на спроведување на тековните активности во период од 19.10.2022-20.10.2022 година се реализираа 9 ( девет) едукативни предавања на тема “Орална хигиена и здрава исхрана”.
- Едукациите беа реализирана од страна на обучен врснички едукатор Магдалена Бојковска а опфатени беа сите 9 паралелки од прво до петто одделение.

- 





- Целта на работилницата беше подигнување на свеста кај учениците за важноста на добрите хигиенски практики,хигиенско однесување и како да ги применуваат истите.
- За учениците од IVа и IV б одделение предавањето се реализираше на 19.10.2022 година со почеток од 11:00 часот, и на истото присуствуваа сите ученици вкупно 53 .
- Во текот на целото предавање преовладуваше голема интерактивност и љубопитност, каде што учениците беа охрабрувани да го искажат своето мислење преку поставени прашања и активно земаа учество. Впечатокот беше дека учениците имаат големо познавање на темата.

Одговорни наставници: Милица Миноска, Ребека Андреева

## 18. Извештај од работата на подмладокот на црвен Крст и спроведени активности со ОО Црвен Крст

Успешната долгогодишна соработката на ООУ “ Партенија Зографски ” – Кисела Вода со ООЦК-Кисела Вода и оваа година на обострано задоволство покажа огромен успех. Почетокот на активностите започна со избор на ученици – волонтери за формирање на  училишниот клуб. Членувањето во организацијата е доброволно и по избор на учениците а во согласнот со нивните родитетли/старатели.

**Целта** на оваа организација е создавање,развивање и негување на хигиенски навики кај учениците,подигнување на нивото на здравствената култура,оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќи,како и водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.

Развување на чувства за хуманост,солидарност,сочуство,толеранција и почитување по пат на разновидни работилници а со тоа стекнување на нови искуства и пријателства.

Одговорни наставници:

Ребека Андреева – координатор

Милица Миноска – член

Анета Петковска - член

Програмата е насочена кон подобрување на пристапот на здравствената грижа за учениците,примарно во здравствена промоција,мобилизација на учениците и превенција од заболувања.

Вклучувањето на нашиот клуб во реализацијата на здравствената програма значи и поддршка на хуманитарните активности насочени кон борба против нетолеранцијата, стигмата и дискриминацијата и соработка со сите организации со цел подобрување на здравствените предизвици.

Здравствената програма се карактеризира со своја шареноликост, голем број активности од областа на првата помош, доброволното крводарителство, туберкулоза, кардиоваскуларни заболувања, хронични заболувања, промоција на хигиената, заштита од сексуално-преносливи болети и недозволена трговија со луѓе.

Активности 2022/2023

| Датум | Опис на Активност | Одделение |
|---|---|---|
| 16.10.2022 – 22.10.2022 | Хуманитарна ацкција “ Ден на гладта ” | I-IX одд |

| | | |
|---|---|---|
| 18.10.2022 | *Предавање на тема “Трговија со луѓе”* | IXа,IXб,IXв |
| 19.10.2022-20.10.2022 | Предавање на тема *“Орална хигиена и здрава исхрана”* | I-V одд |
| 16.02.2023-31.02.2023 | Изработка на мартинки | I-IX одд |
| 13.03.2023 | Обука за Прва помош | Ребека Андреева<br>Милица Миноска<br>Анета Петковска |
| 10.04.2023 | Учество на хуманитарен турнир во мал фудбал – Активност од ПХВ | VIIIа одд |
| 19.04.2023 | Подготовки за натпревар по прва помош | VIIIа одд |
| 19.05.2023 | Општински натпревар по прва помош | VIIIа одд |

Извештајот го изготви: Ребека Андреева, Милица Миноска, Анета Петковска

*Извештај на Реализирана хуманитарна акција на нашето училиште во корелација на ЦРВЕН Крст на РСМ ОО Кисела Вода*




По повод Денот на гладта, 16 октомври и Недела на борба против гладта (16-22 октомври), под мотото „ПОМИСЛЕТЕ И НА НАС" -Црвен крст, Кисела Вода во соработка со ООУ "Партенија Зографски" - спроведе хуманитарна акција





Целта е да се поддигне свеста за потреба од помош на социјално загрозените семејства. Сето ова е причина повеќе, барем повремено да помислиме и да направиме нешто за оние на кои им треба подадена рака за будење на надеж дека не се сами, дека некој мисли на нив. Барем за миг да ја вратиме насмевката на нивните тажни лица.

И оваа година нашето училиште масовно и несебично се вклучи во акцијата и со тоа даде директна поддршка на Црвениот Крст на РСМ.

Активностите_беа насочени кон прибирање на доброволни прилози - прехрамбени производи за подготовка на хуманитарни пакети за социјално најзагрозените семејства.

Оваа акција се надополни со испќање на пакет со храна за семејство од Катланово за кое дознавме преку социјалните мрежи.



Извештајот го изготвиле: Ребека Андреева
Милица Миноска
Анета Петковска

## 19. Соработка со локалната средина

1.Соработка со семејството-родителите преку:

- Советодавни средби со родители, реализирани со одделенските раководители, наставниците или стручните соработници, во училиште или преку апликацијата Teams.
- Општи родителски средби на ниво на паралелки- вкупно одржани по четири за учениците од I до IX одд.

Целта на овие родителски средби е запознавање на родителите со успехот, редовноста и поведението на учениците и други актуелни прашања за даден период со дневен ред за водење на родителските средби. Одделенските раководители изготвуваат извештај за одржана родителска средба и истиот се евидентира во одделенскиот дневник.

1. Соработка со други воспитно-образовни и културни установи
   Училиштето континуирано соработуваше со училиштата од општината, учествуваше на манифестации, конкурси и предавања организирани од страна на општината, соработуваше со локални организации како Црвен Крст во спроведување на хуманитарни акции, учествуваше во телевизиска емисија Sвон.
2. Информирање на јавноста за резултатите од воспитно-образовната дејност

   Училиштето на својата веб страна редовно објавува извештаи од своето работење со цел запознавање на јавноста со резултатите.

3. Организирање на посебни програми за разни прослави

Училиштето согласно Програмата за јавна и културна дејност организираше настани и прослави по разни поводи како Свечен прием на првачиња, Ден на училиштето, Ден на гладта, активности по повод новогодишните празници, изработка на мартинки во месец март, Априлијада.

## 20. Извештај за работата на Советот на родители

Советот на родители при О.О.У Партенија Зографски е конституиран на 20.09.2022,при што првиот Совет е свикан од страна на Директорот на училиштето. За претседател на Советот беше Искра Трпева Арсовска, за заменик претседател беше избрана Катерина Гарванска и за записничар беше избрана Цвета Здравковска.

1. **ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2022/2023 година е усвоена од Наставничкиот Совет и Училишниот одбор во законски рок. Истата беше разгледувана, усвоена и одобрена од Советот на Општина Кисела Вода. Од страна на директорот и стручната служба во училиштето,беше образложена на Советот на родители,каде претставниците на родителите дадоа позитивно мислење.
Наставата се реализира по сите наставни предмети и подрачја со оспособен наставен кадар.
Учебната 2022/2023 година започна навремено, наставата се одвива според предвидениот и навреме изготвен распоред на часови.
Часови во рамките на наставата се организираат за:
1. Задолжителни наставни премети.
2. Избрни наставни предмети.
3. Дополнителна настава за ученици на кои им е потребна дополнителна помош.
4. Додатна настава за ученици кои побрзо напредуваат и покажуваат значителни резултати.
5. Слободни ученички активности се организират во рамките на Годишната програма за работа на училиштето.

2. **АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА**

Советот на родители во соработка со училиштето, наставниците и останатиот персонал активно беа вклучени во следните активности во рамките на училиштето:
1. Хуманитарни активности во рамките на училиштето и Црвениот Крст за “Недела на гладта” кои се состоеа во собирање на храна за социјално загрозените семејства.
2. Учество со донации за настраданите во земјотресот во Турција и Сирија, како Совет на родителим на пунктови на Црвен Крст
3. Состанок на претставници на Советот (пртседател и заменик) и Директорот на училиштето со Градоначалникот на општината во врска со побрзо завршување на реновирањето на спортската сала на училиштето. Покрај реновирањето на паркетот, договорено е и реновирање на соблекувалните и целосна замена на прозорците.
4. Хуманитарна акција за донација на облека, хигиенски средства и храна. Облеката е донирана во СОС село. Средствата за хигиена, во договор со училиштето, се доделени на социјално загрозени семејства во училиштето. Храната, во синхронизација со Црвен крст, е донирана во семејство чиј дом изгоре во пожар.
5. Реализација на Новогодишно китење на училишниот двор. Проектот е реализиран со донации од членовите на Советот на родители. Од собраните средства купени се чајни колачи, чај и мандарини, и со поддршка од

наставниците и стручните соработници во училиштето организирана е забава/чајанка за сите деца во училишниот двор. Училишниот двор претходно е накитен од децата со украси кои исто така се донација од децата во училиштето. Во соработка со Локо кроко и Советот на родители на овој настан најмалите деца ги поздрави и Дедо Мраз.

6. Хуманитарна акција “Мартинка за среќа”, организирана во соработка со Црвен крст. Средствата кои се собрани од мартинките, кои децата сами ги праве а и донираа, се наменети за настраданите во земјотресот во Турција и Сирија.
7. Учество на членови на Советот на родители на настан во општина Кисела Вода, организиран од општината, на тема Меѓуврсничко насилство. Излагање имаше претседателот на Советот и психологот на училиштето.
8. Учество на работилница во училиштето, организирана од стручната служба. Работилницата беше согласно препораките на МОН за поттикунивање на разговор и обезбедување на клима за подршка на училиштата за обезбедување услови за безбедност и добросостојба на учениците.

**Учества на членови на Советот на родители во комисии**

Во текот на работата на советот за учебната 2022/23 год. претставници на Советот беа избрани да учествуваат како членови во повеќе комисии, како што следува:

- Претставници во Комисијата за избор на најдобра понуда за екскурзии
- Преставници во комисиите за новогодишно китење на училишниот двор
- Претставници во Комисиите при општина Кисела Вода за избор на најдобри наставници и стручни соработници

## 3. ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ

Во првите шест месеци со цел реалиација на програмата која е предвидени за работа на Советот се оргнианизираше:

- Состанок на Совет на родители еднаш во тек на еден месец и/или по потреба
- Viber група на Советот на родители.
- Редовна писмена комуникација по пат на електронска пошта.
- Водење евиденција за присуство на состаноците на Советот по одделенија и укажување на отсуствата.
- Редовна комуникација со Директорот.

Од страна на Советот беше заклучено дека постои добра комуникација меѓу членовите на Советот,меѓу Училишниот одбор и директорот и стручната служба во училиштето.

## 4. ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА

- Зголемување на соработката со учениците, наставниците, родителите, стручна служба и раководен кадар.
- Дополнување со нагледни средства за потребите на училиштето.
- Подобрување на условите за работа на училиштето

Претседател на Совет

Искра Трпева Арсовска

## 21. Извештај за работата на училишниот одбор

Училишниот одбор е Орган на управување во училиштето. Составен е од седум членови, и тоа:

| **Членови на УО** | | |
|---|---|---|
| Анета Васиљевиќ-Шикалеска | Претставник од редот на родителите | Претседател |
| Вера Мештеровиќ | Претставник од редот на родителите | Заменик претседател |
| Ивана Димитриевска | Претставник од редот на родителите | Член |
| Лидија Ристовска Атанасова | Претставник од редот на наставниците | Член |
| Виолета Павловска | Претставник од редот на наставниците | Член |
| Маријана Крстеска | Претставник од редот на наставниците | Член |
| Николче Гроздановски | Претставник на основачот | Член |

На седниците на училишниот одбор се поканувaат и во неговата работа учествуваат без право на глас двајца претставници на учениците од Училишниот парламент и тоа:

- Ивона Јовеска - 9-б одделение и
- Ива Трајковска - 9-в одделение

***<u>Училишниот одбор ги врши следниве работи:</u>***

- донесува Статут на училиштето;

- предлага годишна програма за работа и извештај за работата на основното училиште до советот на општината;

- донесува Развојна програма на училиштето;

- предлага финансиски план до основачот;

- предлага завршна сметка до основачот;

- објавува јавен оглас за избор на директор на основно училиште;

| Месец | Дневен ред |
|---|---|
| 30 Август 2022 | 1. Усвојување на записник од претходен состанок<br>2. Предлог за прием на наставници на определено работно време<br>3. Правилник за давање на користење на училишен простор од општина Кисела Вода<br>**4.** Одлука за издавање на училишен простор. |
| 10 Октомври 2022 | 1. Усвојување на Записникот од претходен состанок<br>2. Предлог до директор за прием на наставник по ФЗО – ново финансирње<br>3. Одлука за формирање на комисија за спроведување на постапка за изведување на ученичките екскурзии. |
| 15 Ноември 2022 | 1. Усвојување на Записникот од претходен состанок<br>2. Одлука за избор на најповолен понудувач за екскурзии. |
| 21 Декември 2022 | 1. Усвојување на Записникот од претходен состанок<br>2. Усвојување финансиски план за 2023 година<br>3. Донесување на одлуки:<br>- за попис за 2022 година<br>- благајнички максимум |
| 31 Јануари 2023 | 1. Усвојување на Записникот од претходен состанок<br>2. Предлог до директорот за избор на наставник по техничко образование на определено работно време по објавен оглас. |

| | |
|---|---|
| 09 Март 2023 | 1. Усвојување на Записникот од претходен состанок<br><br>2. Разгледување и усвојување на предлог завршна сметка за 2021 година<br><br>- 903 наменска блок дотација од Буџетот на РСМ<br><br>- 787 самофинансирачки активности<br><br>- 603 средства од Министерство за образование<br><br>3. Донесување и усвојување на Правилник за видовите на пофалби и<br><br>награди за учениците во училиштето<br><br>4. Донесување и усвојување на Правилник за регулирање на редовноста,<br><br>отсуствата на учениците од настава и за видот на педагошки мерки и начинот<br><br>на нивно изрекување за учениците во училиштето<br><br>5. Предлог до директорот за прием на наставник по македонски јазик на<br><br>определено работно време за учебната 2022/20023 година.<br><br>6. Донесување на одлуки:<br><br>- полугодишен извештај<br><br>- извештај од попис за 2022 година<br><br>- годишен план за јавни набавки<br><br>- користење средства за бензин (приватно возило за службени потреби)<br><br>- користење на месечна карта за потребите на вработен од училиштето<br><br>7. Тековни информации |

| | |
|---|---|
| 31 Мај 2023 | 1. Усвојување на Записникот од претходен состанок<br><br>2. Разгледување и усвојување на протокол за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.<br><br>3.Усвојување на Статутарна одлука за дополнување на Статутот на училиштето.<br><br>4. Разно<br><br>- извештај за екскурзии |

- врши интервју со кандидатите за директор;
- предлага на градоначалникот еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор;
- дава предлог до директорот за избор на наставниците и стручните соработници;
- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во училиштето;
- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици;
- избира свои постојани и повремени комисии, ги именува и разрешува нивните членови, го утврдува нивниот делокруг на работење;
- врши и други работи утврдени со Статутот на училиштето.

Работата на Училишниот одбор е регулирана со Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор работи според своја Програма и Деловник за работа.

Училишниот одбор во периодот од Август/Септември 2022 година до Јуни 2023 година одржа седум (7) состаноци на кои се разгледуваа актуелните состојби на училиштето. Записничар на состаноците е секретарот на училиштето. Одлуките кои се донесуваа беа едногласно усвојувани од присутните. Заклучоците и одлуките донесени на состаноците се јавно истакнувани на Огласна табла во училиштето со што се покажува транспарентност во работата на овој орган на управување на училиштето. Во продолжение хронологија на одржаните седници со соодветните дневни редови.

Училишниот одбор се залагаше и ќе се залага во иднина да се подобрат условите за работа во училиштето со што ќе се унапреди воспитно образовниот процес во училиштето

Претседател на Училишниот одбор
Д-р Анета Васиљевиќ-Шикалеска

## 22. Извештај за работата на директорот

Врз основа на член 110 и член 111 став 1 од Законот за основно образование (Сл. весник 161/19) Директорот на основно училиште во рамките на своите надлежности како и програмата за работа, своето раководење го базираше на следните сегменти од раководењето во основното училиште:

1. ВОДСТВО
1.1. Стратешко водство
1.2. Училишна клима и култура
1.3. Соработка со родителите и заедницата

2. РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ
2.1. Комуникација и односи со јавноста
2.2. Унапредување на меѓучовечките односи
2.3. Професионален и кариерен развој
2.4. Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање

3. ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО
3.1. Планирање
3.2. Поддршка на наставата и учењето
3.3. Обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација и развој)
3.4. Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот

4. ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ
4.1. Раководење со финансиските ресурси
4.2. Раководење со материјалните ресурси

5. ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО
5.1. Примена на законски и подзаконски акти
5.2. Изработка и примена на интерни акти и документација
5.3. Раководење со административните процеси
5.4. Примена на информациските системи во училиштето

Директорот ја организираше и контролираше целокупната работа на училиштето која беше во согласност со законските прописи, насоките и одлуките на органите на управување. Работеше на полето на прифаќање на нови проекти во училиштето и прифатените проекти ги образложуваше на состаноците на стручните тела и органи. Во текот на учебната година, врз основа на сопствената Годишна програма за работа,  го следеше одвивањето на наставниот процес, слободните ученички активности, додатната и дополнителната настава.

Реализираше активности предвидени во својата годишна програма во насока на подобрување на просторните услови во училиштето и зајакнување на информатичката технологија.

Директорот на училиштето активно учествуваше и раководеше со изготвувањето на сите видови на програми за успешно одвивање на учебната година, како изготвување на Годишна програма за работа на училиштето, сопствена програма за работа, како и Годишниот извештај на училиштето. Го контролираше водењето на педагошката евиденција и документација и даваше насоки и помош при остранување на пропустите.

Ја организираше работата на училиштето: обезбедување тековни услови за работа во училиштето (ситни поправки, редовна и навремена набавка на канцелариски материјали, средства за одржување хигиена, учебници и потребна литература, наставни средства и помагала, обезбедување на ИКТ опрема (смарт табли) и ставање во функција на истата, обезбедување стабилен оптички интернет, набавка на потребни материјали за работа, дидактички материјали за наставниците, тековно одржување и сл.

Соработуваше со локалната средина преку индивидуални и групни средби, со Советот на родители, Училишниот одбор и институции кои се поврзани со воспитно образовниот процес. Како директор, при реализацијата на програмата успешно соработуваше со стручната служба.

Од увидот во работата на воспитно- образовниот кадар директорот констатираше дека изведувањето на наставата е на завидно ниво. Вршеше контрола на планирањата на наставниците по сите наставни предмети и подрачја. Преку посета на наставните часови го следеше одвивањето на наставниот процес и преку консултациите со наставниот кадар даваше насоки за подигање на квалитетот на истиот. На наставниците почетници им обезбеди менторство од редовите на наставниот кадар во училиштето.

Исто така, преку состаноците на стручните органи и тела ја следеше и унапредуваше работата во училиштето, организираше стручно усовршување на воспитно образовниот кадар преку интерни и екстерни семинари и советувања. Ја следеше работата на стручните активи и се залагаше за нивно унапредување со воведување на нови форми на работа и контрола на реализирањето на предвидените задачи.

На полето на стручното усовршување во планирањето, организацијата, следењето, вреднувањето и унапредувањето на наставата ги следеше со успех семинарите наменети за директори.

За унапредување на воспитно образовната работа, успешно соработуваше со Бирото за развој на образованието, а посебно со одговорниот советник на училиштето. Имаше континуирана соработка со основните училишта на ниво на општината, со Секторот за образование на Општина Кисела Вода, сектор за јавни набавки, за урбанизам, за финансии, МОН, БРО ДИЦ, ДПИ, полиција.

Обезбеди  согласност и финансии од општина Кисела Вода за реновирање на подната облога во фискултурната сала и помошните простории и нејзино молерисување, тековно се оплеменуваше и одржуваше училишниот двор, со обезбедување на нови садници од сопствени средства и донации. Реализираше набавка на нови книги, прирачници, стручна литература, десктоп компјутери за во секоја училница, канцелариски материјал, тонери, ситен инвентар за поправки и тековно одржување, средства за хигиена.

Во соработка со Црвен крст и наставничкиот колектив успешно организираше и реализираше симулациска вежба за евакуација на ученици, персонал и повредени во случај на земјотрес и пожар.

Констатација е дека, оваа учебна година, училиштето имаше успешна училишна година со почитување и реализирање на сите програмски активности во сите сегменти на работењето на училиштето.

Директор: Мартин Мартиновски

## 23. Извештај за работата на педагогот

Целокупната работа на педагогот се заснова и изведува врз основа на сопствената програма за работа, и се состои во реализирање на задачи и активности во следниве структурални подрачја:

- Работа со ученици
- Работа со наставници
- Работа со родители
- Соработка со заедницата
- Професионален развој и професионална соработка
- Аналитичко-истражувачка работа
- Училишна структура, организација и клима

**<u>1. Работа со ученици</u>**

- Учество во изготвување на паралелки за прво и шесто одделение;
- Следење на адаптацијата на учениците од прво и шесто одделение и новодојдените ученици и давање потребна помош и насоки каде што е потребно преку работилиница:
  - „Техники за успешно учење" со ученици од VIа и VIб одделение
- Следење и давање на помош при организација и реализација на задилжителната, додатната и дополнителната настава преку следење на планирањата на наставиците, посета на часови и следење на успехот на учениците;
- Следење и давање помош за полесна адаптација на новопримените наставници – наставници приправници во училиштето;
- Следење и учество во организација и реализација на воннаставните активности;
- Давање насоки и напатствија за понатамошното работење на тимовите на самоевалуација;
- Следење на водењето на педагошката документација и евиденција во училиштето;
- Следење на успехот и редовноста на учениците
- Следење на интерперсоналните односи (училиша клима) во училиштето меѓу ученик – ученик, ученик – наставник, наставник – наставник, на индивидуално и групно ниво;
- Следење на постапките на оценување на учениците;
- Непосредно следење, проучување, вреднување, евидентирање на сопствената работа (планирање, програмирање,евидентирање и документирање)
- Испитување на читање со разбирање на учениците во IV одделние
- Учество во изготвување на евиденција на училишните обврзници во тековната година, известување на родителите за упис и потребна документација
- Запишување на ученици во прво одделение и давање на мислење на деца родени во јануари 2018 година и деца со надминината возрасна граница
- Идентификување и работа на отстранување на причини за проблемите во учењето и однесувањето

- Советодавна – инструктивна работа со ученици кои покажуваат слаб успех во учењето, и емоционални потешкотии
- Давање на помош и подршка во вклучувањето на учениците во учество на различни проекти и активности
- Континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците со посебни образови потреби
- Откривање на учениците со поголеми можности за напредување и развој, советодавна работа со овие ученици и следење на нивните индивидуални постигнувања

***2.Работа со наставници***

- Советодавна работа со наставници и ученици при избор на слободните активности, јавни настапи, конкурси, натпревари и др.
- Консултативни средби и разговори со наставниците во врска со употреба на одредени форми, методи и техники на работа со цел унапредување на наставниот процес

давање стручна поддршка на наставниците за воспоставување на добра комуникацијата помеѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно

- Консултативно–советодавна работа со наставниците во разрешувањето на проблемите на релација ученик–ученик и ученик–наставник-семејство
- Посета на отворени часови од страна на наставниците и евалуација на истите со наставниците
- Консултативни разовори со наставници по завршената евалуација од посета на часови и увид во дневни подготовки
- Давање помош за стручно усовршување на наставниците и нивно упатување за користење на стручна литература заради осовременување на наставниот процес
- Учество во работата на стручните активи и превземање мерки за унапредување на нивната работа
- Советодавна работа со наставниците – приправници
- Анализа на посетени часови на редовна, дополнителна и додатна настава
- Пополнување на инструменти од посетени часови
- Анализа на потребите за стручно усовршување на наставниот кадар

***3.Работа со родители***

- Советодавна работа- советување на родители чии деца имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината или несоодветно се однесуваат во училиштето
- Информирање на родителите за услугите што училиштето и стручните соработници ги нудат за поддршка на учениците
- Редовна и континуирана соработка и работилници со Советот на родители за различни и актуелни теми, реализирана „Работилница за психосоцијална подршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза“

**4.Соработка со заедницата**

- Соработка со училиштата од реонот и пошироко
- Соработка со институции во рамките на Министерството за образование и наука: БРО, ДИЦ, ДПИ, одделот за ХРМ и ЕМИС,
- Соработка со партнер училиште ОУ „ Фаик Коница“ с.Дебреше-Гостивар
- Соработка со образовни, здравствени, социјални институции и установи кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно – образовната работа;
- Учество во размена на искуство со други педагози од основните училишта од општината и од градот
- Идентификување релевантни институции за соработка во одделни подрачја;
- Учество и воспоставување на соработка со локалната средина и реализација на заеднички активности;

**5. Професионален развој и професионална соработка**

- Планирање, водење евиденција и докази за сопствениот професионален развој
- Индивидуална работа на стручно усовршување (следење на стручна литература, перманентно стручно усовршување преку посета на семинари, советувања и обуки организирани од МОН, БРО и др. Институции)

Посетени се следните обуки оваа учебна година:

- Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час
- Со игри и интеракција до пријатна атмосфера во училницата
- Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично
- Обука за спроведување на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување

- Учество во работата на тимот за професионален развој во училиштето;
- Споделување стручни материјали со наставниците;

- Упатување на наставниците за користење различни ресурси  за осовременување на наставниот процес;
- Учество во работата на секцијата на педагози на град Скопје - еднаш во месецот средба во основно училиште со Секцијата на педагози на основните училишта на РСМ  - „ Гласот на педагогот “

6. **<u>Аналитичко-истражувачка работа</u>**

- Водење на евиденција и документација за сопствената работа:
- Учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето и изработка на нејзини поедини делови
-Учество во изработката на брошура за работата на училиштето

- Изработка на  изготвување на полугодишен и годишен Извештај за работата на училиштето за учебната 2022/23 год.
- Изработка на годишна програма и месечни планирања за работа на  педагогот
- Изготвување месечен оперативен план за работа
- Хронолошки дневник за работа - досиеја за работа со ученици,
- Евиденција за соработка со ученици, наставници и родители,
- Прегледи, извештаи, анкети
- Истражување на прашања актуелни за училиштето:

- Истражување, следење и предвидување на читачките способности на учениците во прво, второ и трето одделение;

- Истражување на читање со разбирање кај учениците од четврто одделение

- Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација и предалагање мерки за подобрување

**<u>7.Училишна структура, организација и клима</u>**

- Учество во работата на стручните органи и тела во училиштето
- Водење евиденција за работата со  учениците и родителите
- Следење на наставните и вонннаставните активности, анализа на сознанијата и предлагање мерки релевантни за целото училиште
-Учество во изработката на Годишна програма за работа на училиштето;

- Учество во реализација на самоевалуацијата на училиштето

- Идентификување на можните закани по безбедноста кои се специфични за училиштето и за конкретната популација во училиштето;

-Предлагање мерки за отстранување на можните закани по безбедноста на учениците

- Соодветна советодавна помош на учениците во ситуации на закани или загрозување на здравјето или безбедноста
- Организирање и учество во работата на ученичката заедница и ученики парламент;

- Огранизирање дебати, дискусии со учениците;

- Давање на помош на учениците во процесите на информирање, формирање и искажување мислење, донесување одлука и преземање соодветна акција, за нив релевантни прашања од животот во училиштето што се од нивен интерес.

**Стручен соработник - педагог:**
Марина Георгиевска-Крстевски

## 24. Извештај за работата на психологот

Во учебната 2022/23 година, училишниот психолог реализираше активности согласно сопствената програма.

Во месец јули, психологот ја изготви својата програма која беше дел од Годишната програма на училиштето. Програмата беше изготвена според компетенциите на стручен соработник психолог, посочени од Бирото за развој на образованието во прирачникот Основни професионални компетенции и стандарди за стручни соработници.

**1.Работа со ученици**

Во текот на учебната година беа реализирани индивидуални средби со повеќе ученици со потешкотии во учењето, со кои се разработуваа стратегии за полесно учење. Во исто време се користеа тестови за помнење и внимание со цел да се увиди когнитивниот капацитет на учениците со потешкотии во учењето.

Исто така се работеше со ученици со емоционални потешкотии, несоодветно однесување, со проблеми во социјалната средина, во семејството . Преку разговор, вежби и советување се работеше на справување со проблемот, изнаоѓање решенија и справување со ситуациите. Учениците се следеа на часови, но се работеше и во рамки на паралелките.

Во текот на учебната година се реализираа повеќе работилници од областа на социоемоционалното функционирање како „Бинго, ајде да се запознаеме“, „Соработка“, „Мојот најдобар другар“, „Позитивни мисли, позитивни емоции, среќен живот“, „И јас сум супер херој“, „Грешки, признавање и простување“, „Мирно разрешување конфликти“, „Лични податоци на интернет“, „Сајбернасилство“, „Моќта на прегратката“, работилници од областа на менталното здравје“.

Во текот на учебната година, преку најразлични активности, учениците беа поттикнувани да размислуваат за себе си и својата самодоверба, да развиваат

свесност за важните работи во животот и да бидат благодарни за истото како и да развиваат свесност за важноста на менталното здравје.

Во рамки на програмата за професионална ориентација, со учениците од деветто одделение беа реализирани работилници во текот на првото и второто полугодие, два пати месечно во секоја паралелка, според одреден редослед на активностите. Пред учениците беше претставена целта на професионалната ориентација и активностите поврзани со неа, односно преку најразлични активности и работилници учениците имаа можност да ги осознаат своите способности, вештини, интереси со цел полесно носење одлука каде ќе го продолжат своето образование. Беше спроведен и тест за способности преку кој учениците беа во можност да ги освестат своите способности, за што се повеќе, а за што помалку вешти, кои способности кореспондираат со одредени професии и сл.

Беше спроведен и RIASEC тест за интереси преку кој учениците имаа можност преку самопроценка да увидат кои се нивните професионални интереси. По предлог на учениците, се реализираше и претставување и разговор за некои професии кои се од интерес кај учениците. На учениците им беше претставен и конкурсот за упис во средно училиште и начинот на електронско пријавување, обука која директно ја следеа со одделенските раководители. Се реализираа презентации од неколку приватни и државни средни училишта.

Во соработка со комисијата за упис на првачиња на училиштето, психологот исто така вршеше опсервација на деца училишни обврзници и изврши упис на истите, даде свое мислење за деца родени во јануари 2018 година и препорача проценка на ученици кај кои воочи различни потешкотии.

Во рамки на програмата за Ученички парламент реализираше работилница за унапредување на менталното здравје на учениците, по повод Светскиот ден на менталното здравје, 10 Октомври, со цел будење на свеста за важноста на менталното здравје кај децата.

**2.Работа со наставници**

Со наставниците, на ниво на актив на одделенска и предметна настава, беше реализирана работилница „ Унапредување на менталното здравје на децата и младите“ на која се работеше на подигнување на свеста за важноста на менталното здравје кај децата, унапредување на компетенциите на наставниците во препознавање знаци кои укажуваат на потенцијално дете под ризик, дефинирање на облици на поддршка во случај на појава на дете под ризик и зајакнување на компетенците на добросостојба на учениците.

Стручната служба на училиштето одржа и состанок со наставничкиот колектив на кој се реализираше работилница за психосоцијална поддршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза.

Секојдневно беше остварувана меѓусебна комуникација со наставничкиот колектив со цел успешно справување со проблемите кои се појавуваа во реализација на наставата. Во текот на учебната година беше реализирана посета на часови и за истата наставниците добија извештај со проценка и препорака за идните часови.

**3.Работа со родители**

Во текот на учебната година се реализираше советување на родители, индивидуално, согласно проблемот со кој се соочува ученикот. Индивидуални средби со родители се реализираа во неколку наврати, и тоа со родителии чии ученици се соочуваат со проблем при настава, во секојдневна комуникација со учениците, потешкотии при совладување на материјалот, емоционални потешкотии. Преку разговори и совети се наоѓаа заеднички решенија за потешкотиите со кои се соочуваат учениците. Исто така се реализираа и групни советувања на родители, квартално, согласно законот за основно образование. Психологот учествуваше на состаноци на Советот на родители, давајќи свои предлози за поуспешен наставен процес. Исто така реализираше работилница за психосоцијална поддршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза при што се даваа совети за можните начини на реакција на децата во услови на криза, совети за начини на однесување и одговор на родителите на реакциите на децата и сл.

**4.Соработка со заедницата**

Психологот континуирано соработува со колегите психолози како од општинските така и од другите училишта од градот, преку состаноци на секцијата на училишни психолози „Психовизија“. На еден од состаноците реализираше работилница на тема „НЛП техники кои можат да се употребат во работа со деца во училиште“. Соработува и со средните училишта во рамки на програмата за професионална ориентација, при што ги договара посетите и презентациите од училиштата. Во рамки на соработка со надворешни субјекти, а истовремено и промоција на училиштето, психологот учествуваше на телевизиски емисии во кои разговараше на теми како насилство во училиштата, и финанскиска писменост на децата. Учествуваше и дискутираше на трибина поврзана со насилството во училиштата, организирано од општината Кисела Вода, во соработка со МВР, градинки, основни и средни училишта во општината, НВО Крик.

**5.Професионален развој и професионална соработка**

Во текот на оваа учебна година психологот ги следеше следните обуки:

1. Обука за NLP master practitioner во NLP Macedonia- Center for business psychology SEE (ноември- јуни)
2. Предизивикувачко однесување – справување и добри практики (Едуино)
3. Спроведување на упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување ( БРО, Коалиција Маргини)
4. Говор на омраза во онлајн медиумите ( Едуино)
5. Изразување на детските стравови и потреби низ проективни техники (Здружение Ас Анима- Психовелнес и Советувалиште)
6. Воспитно - образовна работа за ученици со визуелни оштетувања (ДУРДМОВ „ Димитар Влахов“)

7. Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој ( БРО, 03 Инвест ДООЕЛ)
8. Систем на знамиња, обука за сексуално неприфатливо однесување (ХЕРА)
9. Унапредување на менталното здравје кај деца и млади ( МОН; БРО, УНИЦЕФ)
10. Психосоцијална поддршка на менталното здравје и добросостојба на децата и возрасните во ситуација на криза ( МОН,УНИЦЕФ)

Во рамки на последните две обуки, психологот беше определен за обучувач-ментор и реализираше обуки на други стручни соработници од основни училишта на ниво на државата.

Психологот води документација за професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар следејќи ги професионалните досиеја на наставниците.

**6.Аналитичко- истражувачка работа**

Заедно со педагогот, психологот учествуваше во изработка на анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот на секој класификационен период.

Изготвуваше споредбени анализи за успехот на учениците по паралелки, предмети, по пол и етничка припадност на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година (за три учебни години).

**Стручен соработник – психолог Јасмина Дечков**

## 25. Извештај за работата на специјален едукатор и рехабилитатор

| **ПОДРАЧЈЕ 1: ПЛАНИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА НА ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реализирани активности | Време на реализација | Реализатор | За кого беше наменета | Постигнати резултати |
| Учество во изработката на полугодишни и годишни извештаи за работа на училиштето и сопствената работа, предвидена во годишната програма за учебна 2022/2023 год. | Јануари јуни | Специјален едукатор и рехабилитатор | Локални авторитети | Изработени полугодишни и годишни извештаи |
| Изготвување на програма за Личен план за професионален развој за учебната 2022/2023 година. | Јули- Август 2022 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Локални авторитети | Изготвена програма за Личен план за професионален развој |

| **ПОДРАЧЈЕ 2: СОРАБОТКА СО НАСТАВНИЦИ И УЧИЛИШЕН ИНКЛУЗИВЕН ТИМ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реализирани активности | Време на реализација | Реализатор | За кого е наменета | Постигнати резултати |
| Состаноци со Училишниот инклузивен тим во училиштето | Тековно | УИТ | Ученици, наставници и родители | Размена на информации и искуства за надминување на предизвиците и унапредување на инклузивната клима во училиштето |
| Инструктивно- советодавна работа со наставниците на учениците со посебни образовни потреби:<br>-поддршка во изготвување на ИОП-идентификување и конкретизирање на целите и задачите кои треба да се постават во истиот.<br>-поддршка во определување на содржини кои ќе се обработуваат и кои можат да се постават пред ученикот<br>-планирање стратегии за оценување на знаењето на учениците со ПОП<br>-давање насоки (групни или индивидуални консултации) за документирање на постигнувањата на учениците со ПОП<br>-помош и поддршка на наставниците за примена на индивидуализиран и диференциран пристап во работата | Во текот на целата учебна година | Специјален едукатор и рехабилитатор, наставници, стручна служба, училишен инклузивен тим | Наставници, учениците со попреченост и потешкотии во учењето | Наставниците ќе бидат запознаени со специфичните методи за работа со ученици со посебни образовни потреби и ќе им биде понудена стручна литература од областа; |

| **ПОДРАЧЈЕ 3: НЕПОСРЕДНА РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реализирани активности | Време на реализација | Реализатор | За кого е наменета | Постигнати резултати |
| Опсервација со цел идентификување на ученици со посебни образовни потреби | Септември- јуни | Одделенски и предметни наставници,стручна служба. | Ученици со ПОП | Запознавање со потребите и можностите на новите ученици |
| Дефектолошка проценка на учениците | Септември, октомври 2022<br>Во текот на целата година (по потреба)<br>Мај 2023 (упис на првачиња) | Специјален едукатор и рехабилитатор, по потреба комисија за функционална проценка МКФ | Ученици со ПОП | Проценка на индивидуалните потенцијали на учениците |
| Поддршка на учениците со ПОП во прво одделение во адаптирање на училишната средина | Септември – декември 2022 | Наставници, стручна служба, родители | Наставници, учениците со ПОП | Учениците ќе добиваат соодветна поддршка во периодот на адаптирање и постигнуваат подобар успех |
| Подготовка на одделението за прифаќање на ученикот со ПОП | Септември – декември 2022 | Наставници, стручна служба | Ученици со типичен развој | Создавање практични услови за целосно вклучување на ученици со ПОП во секојдневното функционирање на паралелката |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Поддршка во училница на ученици со ПОП | Септември- јуни 2022/2023 | Наставници, стручна служба | Ученици со ПОП | Учениците полесно ќе го следат и ќе се вклучуваат во воспитно- образовниот процес |
| Водење досие за секој ученик со ПОП | Септември- јуни 2022/2023 | Наставници, стручна служба | Ученици со ПОП | Евидентирање и следење на напредокот, постигнувањата и потешкотиите на учениците |
| Индивидуална работа со ученици со ПОП (психомоторна реедукација, развој на социјални вештини и комуникација, вежби за надминување на потешкотиите во учењето: дискалкулија, диграфија и дислексија) | Септември- јуни 2022/2023 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Учениците ПОП | Подобрување на нивните психомоторни способности<br>Подобар успех во усвојување на наставните содржини |
| Работилници за подигнување на јавна свест кај учениците за лицата со посебни потреби, запознавање со нивните можности, способности како и полесно прифаќање и инклузија | Септември- јуни 2022/2023 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици | Подобрување на училишната инклузија |
| **ПОДРАЧЈЕ 4: СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ** | | | | |
| Реализирани активности | Време на реализација | Реализатор | За кого е наменета | Постигнати резултати |
| -Инструктивно- советодавна работа со родителите на учениците (насоки за работа дома)<br>-Запознавање со процесот на Инклузија<br>-Запознавање и вклучување во процесот на изработка на ИОП<br>-Упатување на соодветни стручни установи согласно потребата на ученикот<br>-Информирање на родителите на учениците со ПОП за нивните права, обврски и бенефиции кои можат да ги добијат и до релевантни институции за помош<br>-Редовно информирање на родителите за напредувањето на нивните деца | Септември- јуни 2022/2023 | Наставници, стручна служба, училишен инклузивен тим | Родители на УПОП | Зголемување на можностите за остварување на ефективна едукација на учениците во домашна средина и редовно информирање на родителите за напредокот на нивните деца<br>Родителите даваат значаен придонес во поставувањето на целите и задачите и определување на содржината<br>Родителите се информирани за стручни лица и сервиси за поддршка во заедницата |
| **ПОДРАЧЈЕ 5: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ** | | | | |
| Реализирани активности | Време на реализација | Реализатор | За кого е наменета | Постигнати резултати |
| Соработка со надлежните институции (МОН и БРО), меѓународни асоцијации и организации, граѓанскиот сектор, општина | Во текот на целата учебна година | Наставници, стручна служба, училишен инклузивен тим | Наставници, ученици и родители | Консултации, размена на информации и искуство;<br>Унапреден воспитно -образовен процес |
| Соработка со здравствени установи и институции во полето на раното откривање, дијагностиката и третманот на учениците сопосебни образовни потреби | Септември- јуни 2022-2023 | Наставници, стручна служба, училишен инклузивен тим | Наставници, ученици и Родители | Упатување на учениците во установи за дијагностика и третман Подобрување на нивните потенцијали<br>Постигнување подобар училишен успех |
| Соработка со МКФ за рано откривање, дијагностика и третман на учениците со посебни образовни потреби | Септември- јуни 2022-2023 | Стручна служба | Ученици со ПОП | Рано откривање, дијагностика,континуиран третман на ученици со ПОП |
| Соработка со училиштата од реонот и пошироко заради обезбедување соодветна помош во однос на учениците со ПОП. | Септември- јуни 2022-2023 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Наставници, ученици и Родители | Споделување на искуства за надминување на предизвиците и унапредување на процесот на инклузија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на деновите на лицата со посебни образовни потреби. | 03.12.2022<br>28.02.2023<br>21.03.2023<br>25.03.2023<br>02.04.2023 | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици со ПОП | Зголемување на јавната свест кај луѓето за лицата со ПОП и подобрување на инклузијата |
| **ПОДРАЧЈЕ 6: ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ** | | | | |
| Реализирани активности | Време на реализација | Реализатор | За кого е наменета | Постигнати резултати |
| -Учество на обуки, семинари конференции , советувања организирани од БРО, МОН<br>-Учество на обуки и семинари организирани од различни институции во и надвор од државата<br>-Седење стручна литература<br>-Вршење на дисеминации и различни форми на интерно стручно усовршување на наставниците, во рамки на стручните активи на предметна и одделенска настава на различни теми кои се поврзани со учениците со ПОП | Според дадена можност во текот на учебна 2022-2023 год. | Специјален едукатор и рехабилитатор | Наставници, ученици | Професионален напредок и стручно усовршување |
| **ПОДРАЧЈЕ 7: АНАЛИТИЧКО ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА** | | | | |
| Реализирани активности | Време на реализација | Реализатор | За кого е наменета | Постигнати резултати |
| Спроведува акциски истражувања за подобрување на наставата | По потреба | Специјален едукатор и рехабилитатор,стручна служба | Ученици со ПОП | Унапредување на процесот на инклузија на учениците со ПОП |
| Периодично ја следи изработката на евиденцијата и документацијата на учениците со ПОП | Во текот на целата учебна година | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици со ПОП | |
| Се грижи за соодветна вклученост на учениците со ПОП во активностите на ученичките заедници | Во текот на целата учебна година | Специјален едукатор и рехабилитатор | Ученици со ПОП | |

**работата на специјален едукатор и рехабилитатор**

**Програмски подрачја за работа**

**1. Работа со ученици**

•Поддршка на учениците во учењето
•Следење и поддршка на развојот на учениците
•Професионална и кариерна ориентација на учениците

**2. Работа со наставници**

•Поддршка на наставниците за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата
•Поддршка на наставниците за работа со учениците

**3. Работа со родители**

•Индивидуални и групни советувања со родителите
•Соработка со локалната заедница

**4. Соработка со заедницата**

•Соработка со локалната заедница

**5. Професионален развој и професионална соработка**

•Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето

**6. Аналитичко-истражувачка работа**

•Истражување во воспитно-образовната работа
•Училишна структура, организација и клима
•Училишна структура и организација
•Училишна клима, безбедна средина и демократско учество

Специјален едукатор и рехабилитатор

Ивана Бисовска

## 26. Извештај за работата на училишната библиотека

Основната цел на училишната библиотека е да негува и развива љубов и интерес кон книгата уште од најраната возраст, кај најмладата популација.

Таа љубов посебно треба да се негува кај нашите ученици, кои во своите училишта ги прават првите чекори во прекрасниот и бесконечен свет на учењето и знаењето.

Во тој контекст, училишните библиотеки претставуваат „центар на гравитација“ во царството на знаењето во училиштата, во кои учениците ќе ги направат првите контакти и каде ќе остварат непосредна комуникација со книгите, ќе го совладаат начинот на нивното користење и ќе им служат за збогатување на нивните

знаења.

Преку различни форми на работа, библиотекарот во тесна соработка со библиотекарската секција и воспитно-образовниот кадар, успешно и целосно ја остарува нивната благородна мисија.

Библиотекарот со своето образование и знаење, професионални компетенции, организациско и стручно искуство, работни навики, интеркадровски односи и мотивација, претставува главен двигател во развојот на училишната библиотека.

Библиотеката работи според програмата за работа на библиотекарот, води евиденција за примени учебници и списанија.

Во рамките на училишната библиотека работи библиотекарската секција „Клуб на млади библиотекари“.

На почетокот на месец октомври извршен е прием и доделување на учебници за учениците од I во до IX одд.

Нашата училишна библиотека располага со книжевен фонд. Книжевниот фонд односно библиотечниот во најголемиот дел е на македонски наставен јазик. Училишната литература е на македонски јазик, речниците или некои енциклопедии може да се сретнат на српски/хрватски или пак англиски јазик. Целиот библиотечен фонд ќе има инвентарен број и печат за доказ дека се сопственост на библиотеката.

Училишната библиотека се состои од следниов библиотечен фонд:

1. Лектирни изданија – во лектирните изданија спаѓаат сите лектири од I – IX одд., од тоа активни 430 (според новиот список од БРО) и истите се поделени по одделенија и неактивни детски лектири 3050. Сите лектирни изданија се на македонски наставен јазик. Нивната бројност изнесува 3480.

2. Стручна литература - во стручна литература пред се можеме да ги вброиме сите прирачници од USAID, потоа прирачниците за наставници по предметите:

математика, македонски јазик, општество, природни науки и други. Во делот на стручната литература спаѓаат и: енциклопедии, речници, атласи, записи, некои историски документи . Нивниот број изнесува 930.

3.Странска литература – во странска литература се вбројуваат 690 прозни дела највеќе на српски, српско-хрватски јазик , а помалку на англиски, германски и други јазици.

4. Во библиотеката имаме книги донирани од МОН, кои спаѓаат во групата на Нобеловци и Ѕвезди од светската книжевност и истите не се издаваат надвор од библиотеката. Нивниот број изнесува 470.

5. По основ на поделбата по жанрови, во нашата библиотека има 1800 прозни дела, од кои поголем дел припаѓаат на романи и раскази, а останатиот помал дел е драма и поезија. Сите прозни дела се подредени по азбучен ред според почетната буква на презимето на авторот.

6. Во библиотеката имаме 30 детски сликовници, 55 енциколпедии и 54 детски списанија.

Вкупниот библиотечен фонд изнесува 7509 примероци.

Училишната библиотека е во фаза на реновирање, архивирање и електронско евидентирање.

Во текот на 2022/2023 година беа отпечатени членски карти и картончиња за потребите на библиотеката.

Нарачана е и платена од страна на училиштето инвентарна книга во која ќе се попише целиот библиотечен фонд, но се уште не ни е доставена од НУБ „Св. Климент Охридски“

Поради реновирање на новиот простор каде што ќе се сели библиотеката, таа се уште се подготвува за работа.

**Реализирани се следните задачи:**

- Изготвување на Програма за работа;
- Поделба на бесплатните учебници од прво до деветто одделение;
- Запознавање на учениците со библиотечниот фонд;
- соработка со: литературната секција, драмска секција, ликовната секција, (разговори за прочитаните книги, изложба на сликовници);
- посета на библиотеката;
- учество во набавка на списанија и друга стручна литература;
- учество во одржување на приредби;
- учество во одбележување на Месецот на книгата;
- учество во подготовка на реферати по повод разни манифестации и приредби;
- спроведување на акција за збогатување на книжниот фонд;
- враќање на учебниците.

## 27 . Реализирани активности за Денот на училиштето активности за Денот на училиштето

Свечена манифестација по повод Денот на училиштето

27.10.2022 год.

По повод Денот на училиштето на ден 27.10.2022 год. се одржа манифестација во училишниот двор со пригодна програма. Учениците и наставниците имаа можност да се претставаат со уметнички изведби и воедно да им бидат врачени дипломи и признанија за претходните активности. Под заедничкото мото: „Детството е тајна бескрајна" се одржа литературно – ликовен конкурс, како и низа спортски натпревари и други активности.

Сценарио за Денот на училиштето

27. 10. 2022 год. (12.30 ч )

1.Химна на училиштето

2. Најава од ученици

3. Обраќање на директор

4.Најава од ученици

-Хорска изведба 2в одд. и Ирина Давидовска 8а одд.

5.Ритмичка изведба 2в одд.

6. Најава од ученици

Ритмичка изведба 5б одд.

7.Рецитал 9а, 9б и 9в одд.

8.Доделување награди за:

-литературни творби од 1-5 одделение

-литературни творби од 6-9 одделение

-ликовни творби 1-3 одделени

-ликовни творби 1-5 одделени

-ликовни творби од 6-9 одделение

9.Обраѓање на Директорот кон пензионираните наставници

- доделување на подароците од вработените

10. Одјава






## 28. Општи заклучоци

- Наставата во училиштето се одвиваше согласно наставниот план за деветгодишно основно образование за учебната 2022/23 година и новата концепција за основно образование
- Сите планирани активности од Годишната програма се реализирани
- Средниот успех на училиштето е 4.75
- Сите ученици преминаа во наредното одделеление, со што се постигнати солидни резултати во воспитно-образовната работа на целото училиште;
- Училиштето ги реализира приоритетните задачи поставени за оваа учебна година;
- Се реализира стручното професионалното усовршување на воспитно-образовниот кадар со следење на вебинари и акреддитирани обуки организирани од надлежни установи како и Бирото за развој на образованието и Министерство за образование и наука
- Успешно се оствари соработката со родителите за перманентно следење на учениците и информирање на родителите за актуелни прашања.
- Училиштето во оваа учебна година со голем квалитет ја реализира соработката со локалната заедница, вклучувајќи се во сите активности организирани од општина Кисела Вода;
- Училиштето  во текот на целата учебна година водеше перманентна  грижа за физичкиот, емоционален и социјален развој на учениците;

# 29. Статистички прегледи 1-9

**Преглед 1**

**на бројот на ученици на крајот на учебната 2022/23 година**

| Одделение | Број на ученици | | |
|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | Вкупно |
| I а | 15 | 12 | 27 |
| I б | 14 | 12 | 26 |
| II а | 14 | 11 | 25 |
| II б | 15 | 12 | 27 |
| II в | 16 | 11 | 27 |
| III а | 11 | 15 | 26 |
| III б | 17 | 12 | 29 |
| IV а | 13 | 13 | 26 |
| IV б | 11 | 14 | 25 |
| V а | 13 | 9 | 22 |
| V б | 14 | 12 | 26 |
| I-V | 153 | 133 | 286 |
| VI а | 14 | 17 | 31 |
| VI б | 13 | 14 | 27 |
| VII а | 11 | 12 | 23 |
| VII б | 10 | 10 | 20 |
| VII в | 8 | 11 | 19 |
| VIII а | 9 | 15 | 24 |
| VIII б | 7 | 15 | 22 |
| IX а | 13 | 11 | 24 |
| IX б | 8 | 12 | 20 |
| IX в | 7 | 14 | 21 |
| VI-IX | 100 | 131 | 231 |
| I-IX | 253 | 264 | 517 |

## Преглед 2

**на вкупниот број запишани ученици, паралелки ( чисти) на крајот од учебната 2022/2023 год**.

| Училиште | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | I-V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | VI -IX | | I-IX | |
| | УЧ. | Пр. | Уч | Пр. | Уч | Пр. | Уч | Пр. | Уч | П р. | Уч | Пр. | Уч | Пр. | Уч | Пр. | Уч | Пр. | Уч | Пр. | Уч | Пр. | Уч | Пр. |
| Централно I-IX | 53 | 2 | 79 | 3 | 55 | 2 | 51 | 2 | 48 | 2 | **286** | **11** | 58 | 2 | 62 | 3 | 46 | 2 | 65 | 3 | **231** | **10** | **517** | **21** |

## Преглед 3

**на наставниот кадар на крајот од учебната 2022/2023 год.**

| Наставен кадар по наст. јазици | Одделенска настава | | | | | Предметна настава | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Проф. | Наставник | Учит. | Неоф. Обр. | се | Проф. | Наставник | Учит. | Неоф. Обр. | се | |
| Македонски | 20 | | | | 20 | 23 | | | | 23 | **43** |

## ПРЕГЛЕД 4

| Работно место | Завршено образование | | Вкупно работен стаж | Работно искуство како директор, пом. и зам. директор, педагог, психолог, дефектолог |
|---|---|---|---|---|
| | ВСС | ВС | | |
| Директор | 1 | | 15 год 8 мес | 2 год 8 мес |
| За. на директор | | | | |
| Пом. на директор | | | | |
| педагог | 1 | | 15 год 6 мес | 14 год |
| психолог | 1 | | 11 год | 11 год |
| дефектолог | 1 | | 4 год 7 мес | 1 год 6 мес |

## Преглед 5

### на испишани ученици во учебната 2022/23 година

| одделение | I | | II | | | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| наставен јазик | вк | ж | вк | ж | | | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | **вк** | **ж** |
| Македонски | | | | | | | | | 1 | 0 | 1 | 0 | | | 1 | 0 | | | **3** | **0** |

## Преглед 6

**на бројот на ученици во целодневна настава во учебната 2022/23 година**

| Одд. | I а | I б | II а | II б | II в | III а | III б | IV а | IV б | I-IV |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на ученици | 27 | 26 | 25 | 27 | 27 | 26 | 29 | 26 | 25 | 238 |
| Број на наставници | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 18 |

## Преглед 7

**на изостаноците на учениците во учебната 2022/23 година во одделенска настава**

| Одд. | I а | I б | II а | II б | II в | III а | III б | IV а | IV б | V а | V б | I-V | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 312 | 401 | 264 | 380 | 325 | 447 | 419 | 324 | 396 | 119 | 168 | #### | |
| Неоправдани | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Вкупно | 312 | 401 | 264 | 380 | 325 | 447 | 419 | 324 | 396 | 119 | 168 | 3555 | |

**на изостаноците на учениците во учебната 2022/23 година во предметна настава**

| Одд. | **VI а** | **VI б** | **VII а** | **VII б** | **VII в** | **VIII а** | **VIII б** | **IX а** | **IX б** | **IX в** | | VI-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 431 | 528 | 667 | 391 | 91 | 543 | 453 | 1515 | 350 | 918 | | 5887 |
| Неоправдани | 3 | 0 | 2 | 1 | 0 | 7 | 4 | 3 | 2 | 2 | | 24 |
| Вкупно | 434 | 528 | 669 | 392 | 91 | 550 | 457 | 1518 | 352 | 920 | | 5911 |

| Одделение | I-IX |
|---|---|
| Оправдани | 9446 |
| Неоправдани | 24 |
| Вкупно | 9470 |

**Вкупен преглед на изостаноци**

| Одд. | Оправдани | Неоправдани | Вкупно |
|---|---|---|---|
| I | 713 | 0 | 713 |
| II | 969 | 0 | 969 |
| III | 866 | 0 | 866 |
| IV | 720 | 0 | 720 |
| V | 287 | 0 | 287 |
| I-V | 3555 | 0 | 3555 |
| VI | 959 | 3 | 962 |
| VII | 1149 | 3 | 1152 |
| VIII | 996 | 11 | 1007 |
| IX | 2783 | 7 | 2790 |
| VI-IX | 5887 | 24 | 5911 |
| I-IX | 9442 | 47 | 9489 |

## Преглед 8

**на поведението на учениците на крајот од учебната 2022/2023 год.**

| Одд. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | **се** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| примерно | 53 | 79 | 55 | 51 | 48 | 58 | 62 | 46 | 65 | **517** |
| добро | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| незадово. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |

## Преглед 9

## Среден успех по предмети

## Ученици во IV одделение

| Задолжителни предмети | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик** | **51** | **42** | **4** | **4** | | | **4,72** |
| **Математика** | **51** | **37** | **11** | **3** | | | **4,67** |
| **Англиски јазик** | **51** | **43** | **5** | **3** | | | **4,78** |
| **Ликовно образование** | **51** | **51** | | | | | **5,00** |
| **Музичко образование** | **51** | **51** | | | | | **5,00** |
| **Природни науки** | **51** | **38** | **9** | **4** | | | **4,66** |
| **Историја и општество** | **51** | **42** | **6** | **3** | | | **4,72** |
| **Техничко образование и информатика** | **51** | **51** | | | | | **5,00** |
| **Физичко и здравствено образование** | **51** | **51** | | | | | **5,00** |
| **Изборни предмети** | | | | | | | |
| **Оригами** | **51** | **51** | | | | | **5,00** |
| **Програмирање** | **51** | **51** | | | | | **5,00** |

## Ученици во V одделение

| Задолжителни предмети | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 48 | 44 | 2 | 1 | 1 | | 4,85 |
| Математика | 48 | 44 | 1 | 3 | | | 4,8 |
| Англиски јазик | 48 | 38 | 6 | 4 | | | 4,68 |
| Ликовно образование | 48 | 47 | 1 | | | | 4,98 |
| Музичко образование | 48 | 48 | | | | | 5,00 |
| Природни науки | 48 | 40 | 4 | 3 | 1 | | 4,72 |
| Историја и Општество | 48 | 44 | 2 | 1 | 1 | | 4,87 |
| Техничко образование и информатика | 48 | 48 | | | | | 5,00 |
| Физичко и здравствено образование | 48 | 48 | | | | | 5,00 |
| Работа со компјутери и основи на програмирање | 48 | 48 | | | | | 5,00 |
| Изборни предмети | | | | | | | |
| Игри за решавање на конфликти | 48 | 48 | | | | | 5,00 |
| Заштита на животната средина | 48 | 48 | | | | | 5,00 |

## Ученици во VI одделение

| Задолжителни предмети | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 58 | 46 | 11 | 1 | | | 4,77 |
| Математика | 58 | 36 | 6 | 10 | 6 | | 4,19 |
| Англиски јазик | 58 | 38 | 10 | 10 | | | 4,47 |
| Ликовно образование | 58 | 58 | | | | | 5,00 |
| Музичко образование | 58 | 58 | | | | | 5,00 |
| Природни науки | 58 | 36 | 10 | 12 | | | 4,4 |
| Историја | 58 | 29 | 11 | 8 | 10 | | 4,00 |
| Техничко образование | 58 | 58 | | | | | 5,00 |
| Физичко и здравствено образование | 58 | 58 | | | | | 5,00 |
| Втор странски јазик-Германски јазик | 58 | 29 | 12 | 17 | | | 4,20 |
| Информатика | 58 | 37 | 6 | 10 | 6 | | 4,23 |
| Географија | 58 | 37 | 8 | 13 | | | 4,39 |
| Изборни предмети | | | | | | | |
| Класична култура во европска цивилизација | 58 | 44 | 13 | 1 | | | 4,74 |

## Ученици во VII одделение

| Задолжителни предмети | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 62 | 46 | 13 | 3 | | | 4,41 |
| Математика | 62 | 39 | 6 | 15 | 2 | | 4,36 |
| Англиски јазик | 62 | 43 | 8 | 11 | | | 4,41 |
| Втор странски јазик-Германски јазик | 62 | 36 | 14 | 11 | 1 | | 4,32 |
| Ликовно образование | 62 | 62 | | | | | 5,00 |
| Музичко образование | 62 | 54 | 8 | | | | 4,86 |
| Информатика | 62 | 38 | 18 | 6 | | | 4,49 |
| Географија | 62 | 35 | 10 | 10 | 7 | | 4,18 |
| Историја | 62 | 32 | 9 | 17 | 4 | | 4,14 |
| Етика | 62 | 35 | 17 | 8 | 2 | | 4,35 |
| Биологија | 62 | 40 | 9 | 13 | | | 4,40 |
| Физичко и здравствено образование | 62 | 62 | | | | | 5,00 |
| **Изборни предмети** | | | | | | | |
| Вештини за живеење | 62 | 62 | | | | | 5,00 |

## Ученици во VIII одделение

| Задолжителни предмети | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 46 | 31 | 11 | 4 | | | 4,6 |
| Математика | 46 | 26 | 13 | 7 | | | 4,41 |
| Англиски јазик | 46 | 30 | 13 | 3 | | | |
| Втор странски јазик – германски јазик | 46 | 27 | 11 | 7 | 1 | | 4,4 |
| Ликовно образование | 46 | 46 | | | | | 5,00 |
| Музичко образование | 46 | 46 | | | | | 5.00 |
| Географија | 46 | 26 | 9 | 10 | 1 | | 4,31 |
| Историја | 46 | 16 | 14 | 6 | | | 3,87 |
| Граѓанско образование | 46 | 25 | 8 | 10 | 3 | | 4,19 |
| Биологија | 46 | 29 | 11 | 6 | | | 4,5 |
| Физика | 46 | 22 | 12 | 12 | | | 4,22 |
| Хемија | 46 | 20 | 16 | 9 | 1 | | 4,2 |
| Физичко и здравствено образование | 46 | 46 | | | | | 5,00 |
| Изборни предмети | | | | | | | |
| Проекти од информатика | 46 | 46 | | | | | 5,00 |

## Ученици во IX одделение

| Задолжителни предмети | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 65 | 53 | 7 | 5 | | | 4,74 |
| Математика | 65 | 37 | 15 | 10 | 2 | | 4,34 |
| Англиски јазик | 65 | 46 | 9 | 9 | 1 | | 4,76 |
| Втор странски јазик Германски јазик | 65 | 53 | 8 | 4 | | | 4,57 |
| Ликовно образование | 65 | 65 | | | | | 5,00 |
| Музичко образование | 65 | 65 | | | | | 5,00 |
| Географија | 65 | 46 | 9 | 8 | 2 | | 4,53 |
| Историја | 65 | 50 | 10 | 5 | | | 4,69 |
| Граѓанско образование | 65 | 41 | 10 | 9 | 5 | | 4,34 |
| Биологија | 65 | 43 | 14 | 5 | 3 | | 4,4 |
| Физика | 65 | 38 | 9 | 14 | 4 | | 4,24 |
| Хемија | 65 | 43 | 13 | 9 | | | 4,53 |
| Иновации | 65 | 48 | 7 | 7 | 3 | | 4,55 |
| Физичко и здравствено образование | 65 | 65 | | | | | 5,00 |
| Изборни предмети | | | | | | | |
| Програмирање | 65 | 65 | | | | | 5,00 |

**Среден успех по предмети за учебната 2022/23 година**

| **Наставен предмет** | **Среден успех** |
|---|---|
| Македонски јазик | 4,73 |
| Англиски јазик | 4,58 |
| Германски јазик | 4,45 |
| Математика | 4,44 |
| Природни науки | 4,60 |
| Географија | 4,35 |
| Биологија | 4,42 |
| Физика | 4,22 |
| Хемија | 4,39 |
| Историја и општество | 4,79 |
| Историја | 4,22 |
| Граѓанско образование | 4,05 |
| Етика | 4,35 |
| Физичко и здравствено образование | 5,00 |
| Музичко образование | 4,61 |
| Ликовно образование | 5,00 |
| Иновации | 4,55 |
| Информатика | 4,56 |
| Програмирање | 5,00 |
| Проекти од информатика | 5,00 |
| Вештини за живеење | 5,00 |

| одделение | Вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Вку пно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ученици | | одлични | | Мн. добри | | добри | | доволни | | | | Со 1 сл. | | Со 2 сл. | | Со 3 и повеќе сл. | | неоце нети | Опи сно | |
| | се | ж | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | % | Бр. | Бр. | |
| I | 53 | 24 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 53 | |
| II | 79 | 34 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 79 | |
| III | 55 | 27 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 55 | |
| IV | 51 | 27 | 47 | 92,15 | 4 | 7,84 | | | | | | | | | | | | | | | **4,96** |
| V | 48 | 21 | 46 | 95.83 | 3 | 6 , 25 | 0 | 0 | | | | | | | | | | | | | **4,9** |
| IV-V | **99** | **48** | **93** | **93,99** | **7** | **7,04** | **0** | **0** | | | | | | | | | | | | | **4,93** |
| VI | 58 | 31 | 41 | 70,68 | 17 | 29.31 | | | | | | | | | | | | | | | **4,56** |
| VII | 62 | 33 | 43 | 69,35 | 18 | 29, 03 | 1 | 1,61 | | | | | | | | | | | | | **4,59** |
| VIII | 46 | 30 | 31 | 67,39 | 14 | 30,43 | 1 | 2,17 | | | | | | | | | | | | | **4,52** |
| IX | 65 | 37 | 46 | 70,76 | 16 | 26,41 | 1 | 1,53 | | | | | | | | | | | | | **4,65** |
| VI -IX | **231** | **131** | **161** | **83,69** | **65** | **16,31** | **3** | | | | | | | | | | | | | | **4,58** |
| IV-IX | **330** | **179** | **254** | **88,84** | **72** | **11,67** | **3** | | | | | | | | | | | | | | **4,75** |

**Директор**
Мартин Мартиновски

**Учесници во изработка на извештајот:**

Марина Георгиевска-Крстевски – стручен соработник- педагог

Јасмина Дечков- стручен соработник- психолог

Ивана Бисовска –специјален едукатор и рехабилитатор

јуни 2023 година